100-годишнина од раѓањето
на Блаже Конески,
поет и филолог (1921-1993)
Чествувана во соработка со УНЕСКО

Организација на
Обединетите нации
за образование,
наука и култура

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ — СКОПЈЕ



# МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА — ПРВА ЗИМСКА ШКОЛА 2021

## ПРВА ЗИМСКА ШКОЛА НА МЕЃУНАРОДНИОТ СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА

**(на далечина)**
**Скопје, 25.1. — 5.2.2021 година**

## КОНЕСКИ НА 11 ЈАЗИЦИ





СКОПЈЕ, 2021

**ПРВА ЗИМСКА ШКОЛА НА**
**МЕЃУНАРОДНИОТ СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ**
**ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА**

**(на далечина)**
**Скопје, 25.1. – 5.2.2021 година**

# КОНЕСКИ НА 11 ЈАЗИЦИ

**За издавачот:**
проф. д-р Никола Јанкуловски,
ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Зборник од Првата зимска школа**

**Редакциски одбор:**
проф. д-р Ордан Чукалиев
проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска
доц. д-р Гордана Алексова
Роза Тасевска
м-р Евдокија Илијевска

**Јазична редакција:**
МОМЕНТ МАЛ ДООЕЛ СКОПЈЕ

**Компјутерска обработка:**
МАР-САЖ, Скопје

**Печати:**
МАР-САЖ, Скопје

**Тираж:**
150 примероци

## ПРВАТА ЗИМСКА ШКОЛА НА МЕЃУНАРДНИОТ СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

(25.1.2021 – 5.2.2021 година)

Лекторски вежби (настава на далечина од 9:00 до 12:00 часот)

**Почетен курс:**

**д-р БОРЧЕ АРСОВ**
**м-р БИЉАНА СТОЈАНОВСКА**

**Среден курс:**

**доц. д-р ГОРДАНА АЛЕКСОВА**
**м-р БОЈАН ПЕТРЕВСКИ**

**Напреден курс (јазик)**

**м-р БОБАН КАРАПЕЈОВСКИ**

**Напреден курс (литература)**

**проф. д-р ВЕСНА МОЈСОВА-ЧЕПИШЕВСКА**
**ЕЛЕНА ЃОРЃИОВСКА**

**Напреден курс (преведување)**

**РОЗА ТАСЕВСКА**
**ЈОВАН КОВАЧЕВСКИ**

# СОДРЖИНА

Поздравна реч на проф. д-р Никола Јанкуловски,
ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ................9

Поздравна реч на проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска,
директор на Меѓународниот семинар за македонски јазик,
литература и култура при
Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ................................11

Прва зимска школа на Меѓународниот семинар за
македонски јазик, литература и култура при
Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ............................... 14

Весна Мојсова-Чепишевска
ПОЕТСКО ВИНОЖИТО.......................................................................23

Роза Тасевска
НАПРЕДНАТИ ПРЕВЕДУВАЧИ НА ПРВАТА ЗИМСКА
ШКОЛА НА ДАЛЕЧИНА......................................................................51

КОНЕСКИ ВО СЕЌАВАЊАТА НА СТРАНСКИТЕ
МАКЕДОНИСТИ ...............................................................................116

академик Зузана Тополињска
МОЈАТА ПРВА СРЕДБА СО БЛАЖЕ КОНЕСКИ............................117

академик Иван Доровски
БЛАЖЕ КОНЕСКИ.............................................................................118

академик Виктор Фридман
БЛАЖЕ КОНЕСКИ: НЕКОИ ЛИЧНИ СЕЌАВАЊА
И ЕДНА ЛИНГВИСТИЧКА ПОЧЕСТ ............................................. 120

академик Горан Калоѓера
MOJ PRVI I ZADNJI SUSRET S BLAŽE KONESKIM .......................133

АДРЕСАР НА УЧЕСНИЦИТЕ НА ПРВАТА ЗИМСКА
ШКОЛА НА МСМЈЛК (25. 01. 2021 – 05. 02. 2021) ......................... 138




Од затворањето на Првата зимска школа на далечина
на МСМЈЛК при УКИМ,
Скопје (25 јануари – 5 февруари 2021 година)

**Поздравна реч на проф. д-р Никола Јанкуловски,**
**ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

Почитувани семинаристи,

Почитувани професори (лектори/предавачи),

Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура како значајна алка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и како една од релевантните институции што се дел од националната платформа на нашата држава за одбележување на 100-годишнината од раѓање на Блаже Конески, ја започнува оваа 2021 година со новини токму во чест на тоа одбележување. Идејата за **првпат да се организира зимска школа** во рамките на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура одлично се вклопува во целокупната национална платформа. Така, **ПРВАТА ЗИМСКА ШКОЛА** што ќе се одвива на далечина (онлајн) преку зум платформата во времетраење од десет работни денови (секој ден по 4 часа), во периодот **од 25 јануари до 5 февруари 2021** година (со вкупен фонд од 40 часа) е вистински влог во отпочнувањето на прославата на овој голем јубилеј. И како што Конески ја везе својата песна, истакнувајќи притоа: „Два конца парај од срцето драги, едниот црн е, а другиот црвен, едниот буди морничави траги, другиот копнеж и светол и стрвен“, така Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ преку овој настан ја допишува својата историја.

Имено, чувствуваме пиетет/почит на овој начин да му се оддолжиме на професорот, но и ректорот, Блаже Конески кој ете имал свој влог и учество во покренувањето и обмислувањето на тогаш т.н. Семинар за македонски јазик во далечната 1967 г. За овој чин Конески ќе рече: „ ...времето покажа дека има смисла и таа форма, бидејќи тие семинари дадоа свои резултати“. И навистина тие семинари, овие наши семинари дадоа исклучителни резултати.

Зборовите на Конески: „Јазикот е единствената наша татковина. Сè додека го чуваме, го негуваме, го вардиме, го гледаме јазикот наш македонски – ќе може да сметаме дека ја имаме и татковината. Како куќа, како дом, како огниште.“ - нè обврзуваат.

Така за наставата на оваа ПРВА ЗИМСКА ШКОЛА ангажирани се лектори (предавачи и професори) со долгогодишно искуство. Притоа, организирани се лекторски групи за сите нивоа (почетно, средно и напредното и тоа напреднатото ги има и своите подниво, за јазик, литература и преведување). Слушателите се студенти, професори, истра-

жувачи на македонскиот јазик, литература и култура, но и балканисти и слависти. Мора да бидеме искрени дека се радуваме на сериозната бројка од нешто повеќе од 50 слушатели од дури 15 земји (најголем број од регионот, како Грција, Турција, Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, но и другите европски земји, како Унгарија, Чешка, Полска, Франција, Италија, но и од САД и Канада, а за првпат по долго време и од Велика Британија). Овој интерес е и благодарение на вложеноста на нашите лектори по македонски јазик во лекторатите на странските универзитет, како и на професорите/предавачите македонисти и слависти на странските универзитети. Особено радува и најавата дека двете групи што се дел од напреднатиот курс за литература и култура ќе работат на исчитување и преведување на творештвото на Блаже Конески. Така што и на тој начин ќе му се оддолжиме на Конски.

Почитувани, со вашето учество на првата зимска школа, вие станувате **првата генерација семинаристи што изучувањето на македонскиот јазик, литература и култура ќе го остварите на далечина или популарно кажано онлајн, но во зимски услови т.е.** на крајот од првиот и почетокот на вториот месец од оваа 2021 година или во малиот интервал меѓу двата семестра – зимскиот и летниот. На тој начин давате посебен прилог во приклучувањето на над 4300 досегашни учесници од 50 земји во светот меѓу кои се наоѓаат имињата на истакнати македонисти, професори по македонски јазик и литература на странските универзитети, слависти, балканисти, преведувачи, фолклористи, етнолози, археолози, научници и студенти што го изучуваат македонскиот јазик по универзитетите во светот.

Почитувани,

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје преку активностите на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура над пет децении континуирано **ја претставува и ја промовира македонската национална култура во светот** и денес тој се препознава како **исклучително афирмирана наставна, научна и културна институција, единствена од ваков вид**. Во вас ние ги имаме најголемите културни амбасадори, поддржувачи и верни пријатели. Како прва генерација семинаристи на првата зимска школа веруваме во вас и во вашата мисија да продолжите во духот на досегашната дејност, а тое е создавање пријатели и лобисти на Македонија, кои ќе ги пренесат и ќе ги претставуваат македонскиот јазик, литература и култура во своите земји, па и пошироко во светот.

**Поздравна реч на проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска, директор на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

Почитувани семинаристи,

Ова мое денешно пригодно обраќање сакам да го започнам со стиховите од една песна на БЛАЖЕ КОНЕСКИ:

**ПРЕЖИВУВАЊЕ**

Какви порази сме морале да издржиме,
какви срамови,
какви поруги.
Боже, умот дури ми се свртува!
Ни помагало нешто, нè крепело нешто,
некаква смешка, некаква површност, –
и по сето тоа
во нас
некаква надеж, некаква желба,
некаква скриена смисла
безрасудно пак изртува!

И навистина една таква скриена мисла што безрасудно повторно из’ртува е и оваа Прва зимска школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура.

Почитувани семинаристи,

Блаже Конески е најграндиозната наша фигура. Блаже Конески е личноста што се нурна најдлабоко во македонското минато и што се извиши највисоко во македонската иднина. Со него станавме препознатливи во светот. А со вашето изучување на македонскиот јазик, литература и култура стануваме уште попрепознатливи.

Конески е вонсериски лингвист, меѓународно реномиран славист, еден од најзначајните протагонисти во процесот на кодификацијата на македонскиот стандарден јазик, втемелувач на Македонистиката на Филолошкиот факултет во Скопје (кој денес го носи и неговото име), ценет професор, еден од основачите и прв претседател на МАНУ, член на академиите на науките и уметностите во Загреб, Белград, Сараево, Чикаго, Лоѓ. Конески е вистински полиграф. Тој е суптилен лиричар, лауреат на значаен број македонски и меѓународни награди и признанија. Тој е и истакнат прозаист, есеист, публицист, книжевен

историчар и теоретичар, полиглот, препејувач од многу јазици на делата на значајни поети од светската книжевна ризница.

Но, Конески има и свое сериозно учество во покренувањето и обмислувањето на тогаш т. н. Семинар за македонски јазик во далечната 1967 г. Самиот тој во позната книга „Разговори со Конески" во која внимателно се забележани разговорите што Цане Андреевски ги водел со самиот Конески во период од 5 години (1986-1990) (Скопје: Матица, 2020) вели дека идејата за формирање на еден ваков семинар повеќе ја форсирал Владо Малески. Кон оваа идеја потоа се приклучува и самиот Конески и со своите размисли дава сериозен придонес кон отпочнувањето на тој прв семинар. И во тоа свое сеќавање тој вака поентира: „ ... времето покажа дека има смисла и таа форма, бидејќи тие семинари дадоа свои резултати" и дека оваа форма на дејствување покажува дека врските со светот на културен план се многу важни за една нација од она што таа нација ќе ја чини во материјални средства (Конески цитиран според Цане Андреевски, 2020: 169). Така што од таа 1967 година, на чие чело како директор застанува универзитетскиот професор и колега на Конески, Александар Спасов, еве во 2021 година ја организираме Првата зимска школа!

Во втората статија „Има ли потреба за македонски национални научно-литературни другарства?" од култната книга „За македонските работи", Крсте Петков Мисирков причините за одделувањето на Македонците во македонско друштво ги наоѓа во „употребувањето на нашите умствени сили за изучувањето на себеси, како членови на една татковина и еден народ". Затоа, вели Мисирков, „За да се достигне таа цел требало да се состави одделно друштво од лица за кои изучувањето на Македонија во етнографски, географски и исторски однос има првостепено значење, а такви лица сме ние Македонците." (Мисирков, 1985: 103). Значи потребата од вакви другарства (било) е заради изучување на Македонија, а тоа значи изучување на нејзиниот јазик, литература, култура, историја. Впрочем, ние на овој Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура можеме да гледаме и како на еден природен наследник на ова другарство за кое се залагал Мисирков. Значи, тоа што како идеја започнало да живее на почетокот на 20. век вистински се реализирало во средината или поточно во 1967 година и еве трае и трае нешто повеќе од 50 години.

А во оваа 2021 година, во оваа јубилејна 2021 година, кога се навршуваат точно 100 години од раѓањето на Блаже Конески, му се оддолжуваме со првата зимска школа во рамките на МСМЈЛК.

А вие, почитувани семинаристи, и вие, драги лектори, изведувачи на лекторската настава, сите вие, сите ние, влегуваме во самата историја како први учесници на една ваква зимска школа не само во рамките на македонската наука и македонското образование, туку и пошироко во славистичката и балканистичката наука за јазикот, литературата и културата.

Драги семинаристи,

Драги колеги,

Драги пријатели на македонскиот јазик, литература и култура,

Сите вие на свој начин ќе вградите љубов и ќе оставите пламен во оваа Прва зимска школа, но и на целиот Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура.

Ви посакувам плодна и успешна работа. И ви посакувам уште повеќе да ги разгорите и својот пламен и својата љубов за македонскиот јазик, литература и култура.

УДК 811.163.3(062); УДК 811.163.3’255.4(062)
УДК 81'255.4(062); УДК 821.163.3.09Конески, Б.:81’255.4

## Прва зимска школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Првата зимска школа** на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (МСМЈЛК) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ), се одржа **од 25 јануари до 5 февруари 2021 година на далечина** (онлајн) на ZOOM платформата.

Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (МСМЈЛК) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ), како една од релевантните институции што се дел од националната платформа за одбележување на 100-годишнината од раѓање на Блаже Конески, ја започне новата или Блажевата 2021 година со оваа новина, токму во чест на тоа одбележување. Чувствуваме еден вид потреба на овој начин да му се оддолжиме на Конески кој, ете, имал свој влог и учество во покренувањето и обмислувањето на тогаш т.н. Семинар за македонски јазик во далечната 1967 година. Самиот тој во позната книга „Разговори со Конески“ во која се внимателно забележани разговорите што Цане Андреевски ги водел со самиот Конески во период од 5 години (1986-1990) (Скопје: Матица, 2020) вели дека идејата за формирање на еден ваков семинар повеќе ја форсирал Владо Малески, кој во тоа време бил дел од Комисијата за културни работи со странство во тогашната држава. Кон оваа идеја потоа се приклучува и самиот Конески и со своите размисли дава сериозен придонес кон отпочнувањето на тој прв семинар. И во тоа свое сеќавање тој вака поентира: „ ... времето покажа дека има смисла и таа форма, бидејќи тие семинари дадоа свои резултати“ (Конески цитиран според Цане Андреевски, 2020: 169). Така што од таа 1967 година, на чие чело како директор застанува универзитетскиот професор и колега на Конески, Александар Спасов, во 2021 година ќе ја организираме ни повеќе ни помалку туку 54. Летна школа (како сериозна подготовка за оној наш јубилеј догодина, 55. Летна школа), ама пред тоа, во чест на Конески, ја направивме и Првата зимска школа.

**Првата зимска школа** беше отворена на 25 јануари 2021 година, со обраќањето на **г. Стево Пендаровски, претседател на Република Северна Македонија**, а свои обраќања имаа и **министерката за образование и наука, г-ѓа Мила Царовска** и **ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**, **проф. д-р Никола Јанкуловски**,

како и **директорот на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура**, **проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска**.

На оваа **Прва зимска школа** учествуваа **47 стипендисти/семинаристи од петнаесет (15) земји** (најголем број од регионот, како Грција, Турција, Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, но и другите европски земји, како Унгарија, Чешка, Полска, Франција, Италија, но и од САД и Канада). Учесниците беа предложени од страна на лекторатите и на центрите каде што се изучува македонскиот јазик, литература и култура и по препорака на лекторите и универзитетските професори. На оваа **Прва зимска школа** учествуваа магистранти од областа на македонистиката и славистиката, преведувачи и студенти кои го изучуваат македонскиот јазик, литература и култура, а дел од нив во своите научни истражувања особено внимание посветуваат на македонистиката. Овој голем интерес е и благодарение на вложеноста на нашите лектори по македонски јазик во лекторатите на странските универзитет, како и на професорите/предавачите македонисти и слависти на странските универзитети. Времето што го избравме за одржување на оваа школа се покажа како погодно (на крајот од првиот и почетокот на вториот месец од новата година или во малиот интервал меѓу двата семестра – зимскиот и летниот) за што зборува и големиот интерес за оваа Прва зимска школа.

Учесниците имаа можност да го изучуваат или да го усовршуваат македонскиот јазик преку лекторски вежби кои се одржуваа секој работен ден во траење од десет дена и тоа на далечина. Учесниците беа поделени во лекторски групи според 7 степени на познавање на македонскиот јазик.

Наставата за сите нивоа на познавање на македонскиот јазик се одвиваше главно по **учебниците за македонски јазик за странци** (достапни и на страница на УКИМ како ПДФ на (http://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=201&glavno=34):

„Тешкото“ од Симон Саздов (почетно рамниште),

„Лозје“ од Гордана Алексова (средно рамниште),

„Златоврв“ од Анета Дучевска (напреднато рамниште – јазик) и

„Везилка“ од Весна Мојсова-Чепишевска (напреднато рамниште – литература и култура), во издание на УКИМ.

Впрочем, и преку самите наслови на учебниците, инаку позајмени од творештвото на Блаже Конески, ние му се оддолжуваме и поклонуваме на великанот и на тој начин.

**Лекторската група за основен почетен степен (А1)** броеше **5 семинаристи** (Ана Арноти, Богларка Курц и Светлана Борал, студентки по македонистика, сите од Унгарија, како и Ајтен Атмаџа и Сена Каја, студентки по македонистика на Истанбулскиот универзитет во Турција). Во оваа група учесниците беа од несловенско потекло. Според лекторката **м-р Биљана Стојановска**, семинаристите од почетната група имале определено предзнаење, така што наставата за ова ниво била прилагодена на начин да им овозможи освежување на веќе стекнатото знаење и стекнување на нови граматички и лексички содржини од обласга на македонскиот јазик, како и работа на четирите сегменти при изучувањето на секој странски јазик: зборување, пишување, разбирање и слушање. Почетниците во оваа група работеле по учебникот за изучување на македонскиот јазик на почетно рамниште „Тешкото“ од авторот Симон Саздов, потоа од учебникот „Божилак“ од авторките Искра Пановска-Димкова и Татјана Гочкова-Стојановска, како и од учебникот „Macedonian, a course for beginning and intermediate students“ од авторките Кристина Крамер и Лилјана Митковска. Сите учеснички биле исклучително мотивирани и амбициозни, што резултирало со исклучително брз напредок и интензивно темпо на совладување на предвидените наставни единици.

**Курсот за напреднати почетници (А2)** го предводеше **д-р Борче Арсов**. Во групата годинава имаше вкупно **6 семинаристи** (Стефан Макион и Алина Пуроска од Франција, Сташа Писек од Словенија, Емилија Клузјак и Моника Елерик од Полска и Михаела Матешиќ од Хрватска). Како главно учебно помагало се користела електронската верзија на учебникот „Тешкото“, но се користеле и многу други материјали од други учебници за македонски јазик за странци, како и специјални и оригинални вежби однапред подготвени од страна на самиот лектор. Според неговиот извештај, на учесниците им биле споделувани материјали преку алатките на Гугл и „Гугл драјв“, се водела и евиденција за сработеното, а дополнително секој учесник имал и своја папка каде што ги прикачувале своите домашни задачи. Дополнително, се користеле и многу други материјали, односно авторски вежби за граматика, за конверзација, за слушање и разбирање и за пишување, однапред подготвени од страна на лекторот. Дел од таквите материјали подразбирале интерактивни вежби за конверзација, опишување на личности што учесниците ги гледаат на екраните, снаоѓање на мапа и давање инструкции, слушање на македонски песни и заедничко

откривање на текстот на песната, итн. Онлајн наставата и околностите придонеле ваквите интерактивни вежби многу полесно, посликовито и поинтересно да се организираат и да се изведуваат на далечина.

**Средниот курс (Б1)** го водеше **м-р Бојан Петревски.** Во оваа група биле вклучени **7 семинаристи** (Александра Сафронова, Руска Федерација, Давиде Азиоли, Италија, Анела Чајиќ, Босна и Херцеговина, Наталија Дирда, Полска, Милош Пантиќ, Косово, Николина Круљац, Хрватска и Самет Јеркој, Турција), а граматичките содржини на часовите биле во врска со: функциите и употребата на предлозите, изразувањето на неопределноста и на определеноста во именската група, удвојувањето на директниот и на индиректниот објект, категоријата „вид“ и минатите времиња. Во поглед на конверзациските вештини и на збогатувањето на лексичкиот фонд, биле развиени дискусии во врска со текстовите со различна тематика, при што, освен застапените во учебникот за соодветното рамниште („Лозје“ на Гордана Алексова), секојдневно биле вклучени и дополнителни содржини. Притоа, особено внимание им биле посветени на можностите за изразување на едно значење со повеќе форми и на можностите една форма да се однесува на повеќе значења. Значителен корпус дополнителни вежби биле вклучени и во областа на граматиката, особено во врска со содржините за кои семинаристите пројавувале посебен интерес, како, на пример, функционалната дистрибуција на определниот член и системот на минатите времиња.

**Групата за средниот курс (Б2)** го водеше **д-р Гордана Алексова** и според извештајот на лекторката во групата учествувале **6 слушатели** од различни земји и тоа: (Светлана Корољева и Иван Казаков од Руската Федерација, Михаил Нинопулос од Грција, Марија Сујка од Полска, Реа Камалиќ од Хрватска и Душан Ѓорѓевиќ од Франција). Курсот се изведувал, главно, според содржините од учебникот „Лозје“ на Гордана Алексова. Работата на часовите се одвивала во активна наставна атмосфера, а учесниците покажувале интерес и за многу јазични прашања надвор од содржините на учебникот. И покрај тоа, акцентот на наставните содржини бил ставен на морфологијата, морфосинтаксата и синтаксата.

**Напреднатиот курс за јазик** го водеше **м-р Бобан Карапејовски** и според неговиот извештај овој курс го посетувале **6 семинаристи** (Ника Павлетиќ, Словенија, Лех Церхан, Полска, Александар Трифуновиќ, Миљана Чопа и Ѓорѓе Геновиќ, сите од Србија и Валери

Силвестер од Канада). Како основно помагало бил користен учебникот за македонски јазик за странци за напреднато рамниште „Златоврв“ од авторката Анета Дучевска. Резултатите од користењето на оваа книга и на овој начин, за учење на далечина, покажале дека нејзината концепција ги издржува највисоките критериуми и со вакво користење. Исто така, била користена и „Граматиката за странци“, како и прирачникот „Македонски јазик за странци“ од Лилјана Минова-Ѓуркова.

**Напреднатиот курс за литература** го водеше **д-р Весна Мојсова-Чепишевска**, а овој курс го посетуваа **11 слушатели** (Ала Шешкен од Руската Федерација, Намита Субиото, Соња Должан, Бисерка Бобнар, Маја Ковач и Сашо Пуљаревиќ, сите од Словенија, Елена Атанасиу од САД, Зофија Дембовска и Ања Вероника Тадеуш од Полска, Хана Врбаниќ од Хрватска и Живкица Станковски од Италија). Според извештајот на лекторката групата работела исклучиво на полето на преведувањето, а работеле и на исчитување и преведување на творештвото на Блаже Конески. Така што уште во текот на самите часови се добил еден првичен материјал на преводи на творештвото на Конески на 6 јазици (руски, словенечки, полски, хрватски, италијански и шпански). Работата на тие преводи продолжува и во текот на месец февруари кога ќе се финализираат.

**Напреднатиот курс за преведување** го водеше лекторката Роза Тасевска, а овој курс го посетуваа **6 слушатели** (Марија Думпа, Грција, Марија Громова и Полина Гаврилова од Руската Федерација, Даниела Костадиновиќ, Србија, Верика Јакимов,Ф ранција и Кристина Дуфкова од Чешка). На овој курс се преведувале записи во проза на Блаже Конески („Копачење“, „Питачи“, „Мајска ноќ“, „Спомен“, „Миг“, „Студ“, „Ружа“, „Камикаѕе Рибар“, „Разговор“, „Круша Дивјачка“). Се работело и на преводи од учебникот „Везилка“ на авторката Весна Мојсова-Чепишевска.

По завршувањето на оваа **Прва зимска школа**, како и по комплетирањето на сите преводи во текот на месец февруари, се планира овие преводи/препеви да станат дел од најновиот Зборник од Првата зимска школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура.

За своето учество посетителите на **Првата зимската школа** добија Уверение (кое беше доставено и во скенирана форма до нивните електронски сандачиња на нивните електронски адреси, но и преку пошта на адресите на нивните домови и универзитети ширум светот). Така

сите тие влегуваат во **самата историја** како **први учесници**. А и сите ние, како дел од големиот УКИМ влегуваме во таа иста **историја** како **први реализатори** на една ваква зимска школа. На МСМЈЛК гледаме како на еден вистински продолжувач на она што го започнаа и Ѓорѓија Пулевски и Крсте Петков Мисирков кои први ја истакнаа посебноста на македонскиот јазик. Од нив започна сериозно да се испишува таа приказна и да се кажува и прераскажува. На таа приказна се надоврзува онаа на/ за Блаже Конески. А Конески е неприкосновен во она што го направи и на полето на науката на јазикот, и на полето на науката за книжевноста, но и во самата книжевност преку својот автентичен поетски глас како дел од современата македонска, но и европска и светска поезија, но и на полето на преводот/препевот. И можеме слободно да кажеме: **Конески – тоа сме сите ние, Конески – тоа се и овие 47 семинаристи на Првата зимска школа на МСМЈЛК при УКИМ.**

На крајот беше спроведена анкета во која слушателите даваа мислења, сугестии, пофалби и критики. Повеќето од семинаристите беа исклучително задоволни од Првата зимска школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, но и од нејзината реализација на далечина, а особено од можноста да ги усовршат и да ги збогатат своите знаења од областа на македонистиката во овој нов термин.

Сите настани беа и медиумски покриени, така што во текот на целиот месец јануари и на почетокот на февруари имаше постојано информации околу работата на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во овој извештај ги посочуваме следниве (подредени според формата на самите прилози и според датумот на објавата):

# ПРИЛОЗИ ЗА ПРВАТА ЗИМСКА ШКОЛА

**Нова Македонија** (13. 1. 2021): „Само јазикот нè приближува до идеалната татковина“

https://www.novamakedonija.com.mk/mislenja/nas-stav/%d1%81%d0%b0%d0%bc%d0%be-%d1%98%d0%b0%d0%b7%d0%b8%d0%ba%d0%be%d1%82-%d0%bd%d1%90-%d0%bf%d1%80%d0%b8%d0%b1%d0%bb%d0%b8%d0%b6%d1%83%d0%b2%d0%b0-%d0%b4%d0%be-%d0%b8%d0%b4%d0%b5%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b0/

**factor.mk** (18.1.2021): „Во чест на великанот Блаже Конески: Прва зимска школа на МСМЈЛК: ректорот Јанкуловски ќе се обрати пред 52 учесници од 16 земји“

https://faktor.mk/vo-chest-na-velikanot-blaze-koneski-prva-zimska-shkola-na-msmjlk-pri-ukim-rektorot-jankulovski-kje-se-obrati-pred-52-uchesnici-od-16-zemji

**24info.mk** (22.1.2021): „Великанот Блаже Конески во фокусот на Првата зимска школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура“

https://24info.mk/%D0%B2%D0%B5%D0%BB%D0%B8%D0%BA%D0%B0%D0%BD%D0%BE%D1%82-%D0%B1%D0%BB%D0%B0%D0%B6%D0%B5-%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%B5%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-%D1%84%D0%BE%D0%BA%D1%83%D1%81%D0%BE%D1%82-%D0%BD%D0%B0/

**mkd.mk** (25.2.2021): „Во годината на Конески политичките удари врз него стануваат најсилни“

https://www.mkd.mk/makedonija/politika/vo-godinata-na-koneski-politichkite-udari-vrz-nego-stanuvaat-najsilni

**factor.mk** (25.1.2021): „Почна со работа Првата зимска школа на МСМЈЛК – учесниците ги поздрави и ректорот Никола Јанкуловски“

https://faktor.mk/pochna-so-rabota-prvata-zimska-shkola-na-msmjlk--uchesnicite-gi-pozdravi-i-rektorot-nikola-jankulovski

**slobodenpecat.mk** (25. 1. 2021): „Прва зимска школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ“

https://www.slobodenpecat.mk/prva-zimska-shkola-na-megunarodniot-seminar-za-makedonski-jazik-literatura-i-kultura-pri-ukim/

**Факултети.мк** (5.2.2021): „Заврши со работа Првата зимска школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура"

https://www.fakulteti.mk/news/05022021/zavrshi-so-rabota-prvata-zimska-shkola-na-megjunarodniot-seminar-za-makedonski-jazik-literatura-i-kultura

**factor.mk** (5.2.2021): „Нови 50 македонисти: заврши Првата зимска школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура"

https://faktor.mk/novi-50-makedonisti-zavrshi-prvata-zimska-shkola-na-megjunarodniot-seminar-za-makedonski-jazik-literatura-i-kultura-

## ПРИЛОЗИ ЗА УЛОГАТА НА МЕЃУНАРОДНИОТ СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА

**cooltura.mk** (22.1.2021):

„Образованието, литературата и културата имаат моќ да застанат над политиката"

https://www.cooltura.mk/kulturni_nastani/obrazovanieto-literatura-i-kulturata-imaat-mok-da-zastanat-nad-politikata/

**cooltura.mk** (25.1.2021):

„Вистинските писатели веруваат во културна размена, а не во псевдоисторија"

https://www.cooltura.mk/kultura_i_nauka/vistinskite-pisateli-veruvaat-vo-kulturna-razmena-a-ne-vo-psevdoistorija/

## ИНТЕРВЈУА НА ПРОФ. Д-Р ВЕСНА МОЈСОВА-ЧЕПИШЕВСКА:

**Факултети.мк** (11.1.2021):

„Таква фигура на 20.век како Блаже Конески немаат ни поголемите нации, науки и земји"

https://www.fakulteti.mk/news/11012021/takva-figura-na-20-vek-kako-blazhe-koneski-nemaat-ni-pogolemite-nacii-nauki-i-zemji-veli-vesna-mojsova-chepishevska-direktorka-na-megjunarodniot-seminar-za-makedonski-jazik-literatura-i-kultura

**Нова Македонија** (18. 1. 2021):

„Блажевата 2021 година почнува со првата Зимска школа по македонски јазик"

https://www.novamakedonija.com.mk/zivot/kultura/%d0%b1%d0%bb%d0%b0%d0%b6%d0%b5%d0%b2%d0%b0%d1%82%d0%b0-2021-%d0%bf%d0%be%d1%87%d0%bd%d1%83%d0%b2%d0%b0-%d1%81%d0%be-%d0%bf%d1%80%d0%b2%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%b7%d0%b8%d0%bc%d1%81%d0%ba%d0%b0-%d1%88/

**Австралиско државно радио СБС (SBS), програма на македонски** (23. 1. 2021):

„Семинарот за македонски привлече вљубеници во јазикот од 16 земји"

https://www.sbs.com.au/language/macedonian/audio/macedonian-online-seminar-attracts-language-lovers-from-16-countries

**Вечер** (28.1.2021): „Проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска: Не може да се негира македонистиката на мапата на светската славистика"

https://www.vecer.press/%d0%bf%d1%80%d0%be%d1%84-%d0%b4-%d1%80-%d0%b2%d0%b5%d1%81%d0%bd%d0%b0-%d0%bc%d0%be%d1%98%d1%81%d0%be%d0%b2%d0%b0-%d1%87%d0%b5%d0%bf%d0%b8%d1%88%d0%b5%d0%b2%d1%81%d0%ba%d0%b0-%d0%bd%d0%b5-%d0%bc/

## ГОСТУВАЊА НА ПРОФ. Д-Р ВЕСНА МОЈСОВА-ЧЕПИШЕВСКА:

Во утринска програма на СИТЕЛ (20.1.2021): https://www.youtube.com/watch?v=IN05ht91Xn8&feature=share

Во утринска програма на АЛФА (22.1.2021):

https://www.youtube.com/watch?v=QJxtAYtIc-A&feature=youtu.be

На вестите на Телма (25.1.2021): „Нерационални се негирањата на македонскиот јазик"

https://telma.com.mk/2021/01/25/%d0%bd%d0%b5%d1%80%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%be%d0%bd%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b8-%d1%81%d0%b5-%d0%bd%d0%b5%d0%b3%d0%b8%d1%80%d0%b0%d1%9a%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%bc%d0%b0%d0%ba%d0%b5%d0%b4%d0%be/

УДК 821.163.3.09Конески, Б.:81’255.4
УДК 81’255.4(062)

ВЕСНА МОЈСОВА-ЧЕПИШЕВСКА

# ПОЕТСКО ВИНОЖИТО
(Конески на 9 јазици)

Во периодот **од 25 јануари до 5 февруари 2021** година (со вкупен фонд од 40 часа) на далечина (онлајн) преку зум платформата во времетраење од десет работни денови (секој ден по 4 часа) се случи и напреднатиот курс за литература во рамките на Првата зимска школа. Новина беше што во работата на овие лекторски часови беше вклучена и помладата колешка, дипломираниот професор по македонска književност и македонски јазик, Елена Ѓорѓиовска.

Конески и делото на Конески беше вградено во целокупната настава што се одвиваше во овие 10 работни денови не само во оваа група, туку и во сите останати. Значи, Конески го имавме преку неговите граматика и историја на македонскиот јазик, преку речниците, но и преку неговата поезија. Групата за напреднато ниво на познавање на македонскиот јазик што својот интерес го насочува кон изучувањето на македонската литература беше составена од професори, преведувачи, докторанти и магистранти по македонистика, како и студенти по македонски јазик и македонска литература. Бројката на слушатели беше исклучително голема, така што оваа група од 11-мина вистински вљубеници и познавачи на македонската поезија ја сочинуваа:

**Ала Шешкен** (Руска Федерација), носител на македонистиката на Московскиот државен универзитет „Ломоносов“;

**Намита Субиото** (Словенија), професор по македонски јазик и македонска книжевност на Филозофскиот факултет на Љубљанскиот универзитет;

**Бисерка Бобнар**, **Маја Ковач** и **Сашо Пуљаревиќ**, сите од Словенија, инаку студенти, но и магистранти/докторанти под менторство на професорката Намита Субиото;

**Соња Должан** (Словенија), професорка по хрватски, српски и македонски јазик и преведувачка;

**Елена Атанасиу** (САД), професорка на Универзитетот во Рено (Truckee Meadows Community College, Reno, NV);

**Зофија Дембовска** (Полска), преведувачка;

**Ања Вероника Тадеуш** (Полска), студентка на Јагелоњскиот Универзитет во Краков;

**Хана Врбаниќ** (Хрватска), студентка која македонскиот јазик го изучува кај лекторката м-р Биљана Стојановска во лекторатот на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Риека и

**Живкица Станковски-Недановска** (Италија), инаку културен посредник со македонските деца кои го изучуваат италијанскиот јазик во Равена.

Всушност, не само оваа група, туку и другата, што работеше исклучиво на полето на преведувањето со лекторката Роза Тасевска, беше насочена кон исчитувањето и преведувањето на творештвото на Блаже Конески. Овој пат се работеше на помалку познатите стихови на Конески. Зашто Конески не е само „Тешкото“ и „Везилка“. Конески треба да се спознае и преку некои други негови песни, преку неговите минијатури, но и преку лирските и прозните записи, преку т.н. песни во проза.

Така што уште во текот на самите часови се доби еден првичен материјал на преводи на дел од творештвото на Конески на 6 јазици (руски, словенечки, полски, хрватски, италијански и шпански). Работата на тие преводи продолжи и во текот на месец февруари кога конечно и се финализираа.

Во меѓувреме пристигнаа и преводите на **Самет Јеркој**, инаку студент на Катедрата за грчки јазик и литература на Факултетот за литература при Истанбулскиот универзитет, кој учи кај лекторката м-р Марина Цветановска во лекторатот по македонски јазик при овој факултет.

Исто така, **Живкица Станковски-Недановска** направи и свои преводи на српски јазик, покрај веќе направените на италијански во текот на самата настава на Првата зимска школа, а професорката **Валентина Седефчева** (Бугарија) од Великотрновскиот универзитет и сегашен лектор по бугарски јазик на Филолошкиот факултет во Ниш, направи преводи на бугарски јазик, така што ете ни го Конески и на бугарски.

А по завршувањето на Првата зимска школа, како и по комплетирањето на сите преводи го имаме овој **Зборник од Првата зимска школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура**.

Така, Конески го имаме на **9 јазици** (руски, полски, словенечки, хрватски, српски, бугарски, италијански, шпански и турски). Но, пред да почнат да се редат преводите, сакам да ја истакнам и подготвеноста на некои од семинаристите да напишат дури и свои стихови на македонски јазик. Така професорката Намита Субиото ни посвети една

песна, нам, на изведувачите на лекторските часови за напреднато ниво по литература, а студентката Маја Ковач направи своја песна по урнекот на онаа „Сеќавање за Ѓорета“ на Блаже Конески. Во продолжение останува да се насладуваме на ПОЕТСКОТО ВИНОЖИТО.

**Намита Субиото: НА ДВЕ ПЕСНОЉУПКИ: ВЕСНА И ЕЛЕНА**

Со некаква желба на далечина
неговите песни ги следиме,
неговите песни уверуваат
дека можеме со часови да седиме,
Вашите толкувања за нив в срце ќе ги чуваме
и ќе продолжиме на Блаже да му се восхитуваме.

**Маја Ковач: СЕЌАВАЊЕ ЗА БЛАЖЕТА**

Се роди Блаже.
100 години поминало.
Јаболкниците негови
сè уште пуштаат плодови:
се множат млади и стари поети,
го следат јазичари,
го читаат студенти,
му се поклонуваат дури музичари.
Блаже Конески го обзорува светот.

**ВИЈ**

Во свеста, како во полноќна црква,
те заклучив. И свеќи ко што бледат
на гасење, ти сега бледиш така,
а сите светци похотно те следат.
Ти тука си заточеница за која
јас толку мошни заклинања правам,
и еве веќе настапува часот
и сешто гласи дека ќе се јавам.
Јас идам како оној грозен Виј,
со сиви очи, сиот земја жедна,
да, страшен сум, и дека нежност носам

во тврди грутки – затоа си бледна.
Се ближам како нежен Виј, но веќе
таинствена си повлекла ти црта,
и штом ќе стапам по пределот, остро
се руши понор и со карпи чкрта.
И сиот жеден, песок, јас се ронам
во таа пропаст, и сè веќе гасам.
Јас, Виј, во свеста те домамив мошно,
но, жеден, немам сила да те стасам.

**ВИЙ**

В своем желаньи, как в полночной церкви,
тебя я запер. И словно свечи, что бледнеют,
догорая, бледнеешь ты сейчас,
а все святые похотливо на тебя глядят.
Ты узница здесь, над которой
сильнейшие заклятья совершаю,
и вот уж наступает час
и все гласит, что я вот-вот явлюсь.
Иду я, будто страшный Вий
с глазами серыми, весь как земля, измученная жаждой,
да, страшен я, и нежности несу
в груди такую ношу — потому бледна ты.
Я приближаюсь, словно нежный Вий, но ты
таинственную уж провела черту,
и лишь ее переступлю я, сразу
пасть открывает пропасть и трясутся скалы.
И остаюсь я жаждущим песком, струясь
в ту пропасть, чтобы там угаснуть.
Я, Вий, что в мыслях задушил тебя в объятьях,
но, жаждою томим, бессилен пред тобой.

**на руски преведе Ала Шешкен**

**БОЛЕН ДОЈЧИН**

Кога бев преполн сила
што придојдува како матна речна глава,
кога се сетив вреден за мојот подвиг,

достоен за слава,
кога ми закрепна гласот за најдлабок збор,
раката за најтежок меч,
ногата за највeрен од –
тогаш се сломив,
паднав како црешово дрво од премногу род.

Една потсмешлива сенка ми ја издемна трагата,
како змија во гробно камарче се вовлече во свеста,
смеата ми ја урочи, ми ја зацрни тагата –
да се обѕирам подозриво, да думам да шестам.
тогаш се сетив ситен и смешен и долен, —
се стопи снагата,
капнаа раце,
падна мечот,
паднав болен.

Болен лежам до девет години,
што искинав до девет постели.

Не ги чувствувам веќе своите зглобови,
јас сум расфрлан на тврда ледина
на пеколен пладневен присој,
јас сум раскостен коска от коска,
низ моите коски трева поникнало,
низ таа трева змии се ведат.

Јас копнеам гроб темен и студен –
нема крај без мојот подвиг суден.

Непозната жено, единствена на светот,
сестро и мајко моја, ти што си страдала многу,
ти што си сетила мака до вбигорување,
дојди, сестро златно,
збери ги моите мувлосани коски, не грози се,
состави ме,
повиј ме со триста лакти платно,
речи ми тех реч,
исправи ме,
научи ме пак да одам, мајко,

дај ми в рака меч –
да убијам Црна Арапина.

Да умрам.

**BOLNI DOJČIN**

Ko sem prekipeval od moči,
ki navira kot kalna rečna glava,
ko sem začutil, da sem sposoben podviga,
da me čaka slava,
ko se je moj glas okrepil za najglobljo besedo,
roka za najtežji meč,
noga za najzvestejši hod –
tedaj sem se zlomil.
Padel sem kot češnja, ki jo podre preobilen plod.

Neka porogljiva senca je odkrila mojo sled,
kot kača v grobno nišo je zlezla v mojo zavest,
smeh mi je uročila, žalost počrnila,
da se oziram pazljivo, da tuhtam in tehtam.
Tedaj sem začutil, da sem drobcen in smešen in šibak –
skopnelo je telo,
klonile so roke,
padel je meč,
padel sem vznak.

Že deveto leto zdaj boleham,
že deveto posteljo zdaj gulim.

Svojih sklepov več ne čutim,
raztrošen sem po trdi ledini,
na pekoči poldanski pripeki,
razkosan do zadnje kosti,
med kostmi je pognala trava,
v tej travi se kače kotijo.

Po mrzlem grobu duša koprni –
a konca brez podviga mojga ni.

O, neznana žena, edina na vsem svetu,
sestra in mati moja, ti, ki si veliko pretrpela,
ki bolečina ti je parala srce,
pridi, sestra zlata,
poberi moje trohneče kosti, ne zgrozi se,
sestavi me,
povij me s tristo lakti platna,
potolaži me,
postavi me pokonci,
nauči me spet hoditi, mati,
daj mi v roke meč –
da ubijem Črnega Arabca.

Da umrjem.

**на словенечки преведе Намита Субиото**

## САAT

Го угасиле беше радиото преку
и, во необична тишина,
го чув саатот на витрината.
Идеше како рамномерно штракање
на шивачка машина.
Разбрав – како за сето време
тој да обрабувал едно онакво чевре
со какво порано
ергените го тавреа малото џепче.
Разбрав заправо од каде ми идела
оваа гроза по коскиве.

## URA

Ugasnili so bili radio
in v nenavadni tišini
sem slišal uro na vitrini.
Delala je kot enakomerno brnenje
šivalnega stroja.
Razumel sem – kot bi ta ves čas
robila takšen robec,

s kakršnim je včasi
žepek krancljal si samec.
Razumel sem, kaj mi je pravzaprav
gnalo strah v kosti.

**на словенечки преведе Маја Ковач**

**УБАВИТЕ ЖЕНИ**

Убавите жени во мојот народ
тие брзо прецутувале
како цут од кајсија
како мајски јоргован.
О неправда!
Тие им припаѓале на неизбрани мажи,
нивните коси дење сплетени во прцлиња
ноќе распуштени по градите и колковите.
Нивниот постап на препелица
набрзо го сопинала унечка,
нивната младост поминувала
како мирис на липа што го одвева ветрот.
Набрзо тие седнувале на порта
со наведената глава и издадени коленици,
со нечујна издишка.
Убавите жени, несреќните жени
тие брзо прецутувале
како цут од кајсија
како мајски јоргован.

**LAS MUJERES HERMOSAS**

Las mujeres hermosas de mi pueblo
ellas marchitaban rápidamente
como la flor del albaricoquero
como la lila de mayo.
¡Oh injusticia!
Ellas les pertenecían a hombres no elegidos,
su pelo enredado en trenzas durante el día
por la noche suelto en el pecho y las caderas.
Sus pasos de codorniz

pronto fueron parados por un delantal,
su juventud pasaba como
el olor del tilo que se lleva el viento.
Pronto estaban sentadas en la puerta
con la cabeza inclinada y las rodillas protuberantes,
con exhalación imperceptible.
Las mujeres hermosas, las mujeres infelices
ellas marchitaban rápidamente
como la flor del albaricoquero
como la lila de mayo.

**на шпански преведе Елена Атанасиу**

## LE BELLE DONNE

Le belle donne del mio popolo
sfiorivano velocemente
come fiore di albicocca
come lillà di maggio.
Che ingiustizia!
Esse appartenevano ai mariti non scelti,
i loro capelli annodati nella coda
sciolti di notte sui seni e coscia.
Il loro passo di quaglia
il grembiule lo impacciava presto,
passava la loro giovinezza
come odore di tiglio che portava via il vento.
Si sedevano spesso sulla soglia di porta
con capo chinato e ginocchia esauste,
con silenzioso fiato.
Le belle donne, le infelici donne
sfiorivano velocemente
come fiore di albicocca
come lillà di maggio.

**на италијански преведе Живкица Станковски-Недановска**

## LEPE ŽENSKE

Lepe ženske v mojem narodu,
te so hitro odcvetale,
kakor cvet marelice,
kakor majski španski bezeg.

O, krivica!
Pripadale so neizbranim možem,
njihovi lasje so bili podnevi zvezani v čope,
ponoči spuščeni na prsi in boke.
Njihovo stopanje prepelice
se je hitro spotaknilo ob opasnik,
njihova mladost je minevala
kot vonj lipe, ki ga odnaša veter.
Hitro so sedale pred vhod,
spuščenih glav in izbočenih kolen,
z neslišnimi izdihi.
Lepe ženske, nesrečne ženske,
te so hitro odcvetale,
kakor cvet marelice,
kakor majski španski bezeg.

**на словеначки преведе Маја Ковач**

**PIĘKNE KOBIETY**

Piękne kobiety w moim kraju
one szybko przekwitały
jak kwiat moreli
jak majowy bez.
O krzywdo!
Należały do niewybranych mężczyzn,
ich włosy we dnie splecione w precelki
w nocy rozpuszczone na piersiach i biodrach.
Ich kroki przepiórcze
rychło pętał fartuch,
ich młodość przemijała
jak zapach lipy rozwiewany wiatrem.
Wkrótce siadały przed drzwiami
z pochyloną głową i gołymi kolanami,
z bezszelestnym oddechem.
Piękne kobiety, nieszczęśliwe kobiety
one szybko przekwitały
jak kwiat moreli
jak majowy bez.

**на полски преведе Зофија Дембовска**

## ОБРОК

Оваа чаша домашна ракија
што фаќа синџир по крајот
бистра, а искреста
да те стресе при првата голтка;
оваа пиперка,
само малку зарумената при врвот,
рускава под забите;
овој патлиџан црвен и сочен,
а уште цврст,
и, најпосле, ова бело сиренце,
слачно при џвакање
со корка лебец,
да ти се осоли малце плунката и душата –
имај ги како дарови од небото
за денешниот ден,
и искажи благодарност со нечујна помисла.

Можеби и утре те чека ваква наклоност.
Зошто да не?
Никогаш не се знае.

## OBROK

To šilce domačega žganja,
ki pusti sledi ob robu,
bistro in iskrivo,
da te strese pri vsakem požirku;
to papriko,
čisto malo pordelo pri vrhu,
ki hrska med zobmi;
ta paradižnik rdeč in sočen,
a še vedno čvrst,
in, nenazadnje, ta beli sir,
slasten pri vsakem grižljaju
s koščkom kruha,
da ti malce osoli slino in dušo –
sprejmi kot darove z neba
za današnji dan
in pokaži hvaležnost z neslišno mislijo.

Morda te tudi jutri čaka takšna dobrohotnost.
Zakaj pa ne?
Nikoli se ne ve.

**на словенечки преведе Намита Субиото**

**ГУШКАЊЕ**

Како ми дојде тој порив
да прегрнам ластар од лоза
по градиве, по десното рамо,
со стисок на образот,
со лист на горната усна!
Исто така би можел
да прегрнам дури змија
по таа посока иста, –
ништо не би ме паркало,
при такво чувство на љубов,
од тоа гушкање!

**OBJEMANJE**

Pograbi me,
da bi k sebi prižel mladiko trte,
na prsi, na desno rame,
lice k licu,
list k gornji ustni!
Enako bi lahko
objel tudi kačo
po istem zaporedju,
prav nič me ne bi brigalo
pri takšnem občutju ljubezni
od takšnega objemanja!

**на словенечки преведе Намита Субиото**

**НА ЕДНА ПЕВИЦА**

Со некаква далечна желба
твојата песна ја следиме.
Твојата песна уверува

дека уште нешто вредиме.
И таа песна в срце ќе ја чуваме.
Затоа пеј – да боледуваме.

**DIA PEWNEJ ŚPIEWAZKI**

Z jakimś dalekim pragnieniem
Twoją pieśń śledzimy.
Twoja pieśń pokazuje,
Że jeszcze coś znaczymy.
I tę pieśń w sercu swoim zachowamy.
Dlatego śpiewaj – niechaj niedomagamy.

**на полски преведе Зофија Дембовска**

**СЕЌАВАЊЕ ЗА ЃОРЕТА**

Мртов е Ѓоре.
Се исполни година.

Јаболкницата во пустиот му двор
си шепоти:
„Уште два-три дена прекусила да додржам
да не цутам
од жал за него.
После ќе ме наваса пролетта.“

**WSPOMNIENIE O GJOREM**

Gjore jest martwy.
Minął rok.

Jabłoń w jego pustym dworze
szepce do siebie:
„Jeszcze dwa-trzy dni uparcie wytrzymam
żeby nie zakwitnąć
z żalu po nim.
Potem ogarnie mnie wiosna.”

**на полски преведе Зофија Дембовска**

## ПОЧИНКА

Есенва е мирна, просветлена сета.
Човек сака негде далеку да шета.
Убавино, ти ме заморуваш веќе.

Сè ќе минам кое со возбуда мами.
Има такви места каде што сме сами.
Убавино, ти ме заморуваш веќе.

Смирноста е мудра, страсноста е глупа.
Ќе седнам во паркот на некоја клупа.
Убавино, ти ме заморуваш веќе.

И долго ќе седам, со цигара во рака.
Вечерта што иде ќе ја чекам така.
Убавино, ти ме заморуваш веќе.

## POČITEK

Ta jesen je mirna, prosvetljena, bajna.
Človek si zamišlja daljna potovanja.
O, lepota, jaz sem že zmučen od tebe!

Vse si bom ogledal, kar vzburljivo mami.
Še so taki kraji, kjer smo čisto sami.
O, lepota, jaz sem že zmučen od tebe!

Mirnost je preudarna, v strasti bi se zmedel.
V parku se bom ustavil, na klopco bom sedel.
O, lepota, jaz sem že zmučen od tebe!

In sedel bom dolgo s cigareto v roki.
Čakal bom takole, da večer nastopi.
O, lepota, jaz sem že zmučen od tebe!

**на словенечки преведе Намита Субиото**

## ARS POETICA

Старему Цивџану
голиштарците му викаат:
„Бре,

ние сме по-песнарии од тебе!
Чуј нè:
ѕив! ѕив! ѕив!“
А стариштето им се одговара:
„Деца,
тоа треба да биде леко и меко,
силно а милно,
жално ем пално,
со горчлив опит,
со згрутчена мака:
ѕив... ѕив... ѕив...
Вие уште не знаете така“.

**ARS POETICA**

Staremu Čivkaču
goliči pravijo:
»Oj,
mi smo večji pevci od tebe!
Poslušaj nas:
čiv! čiv! čiv!«
Starina pa jim pojasnjuje:
»Otroci,
to mora biti lahko in rahlo,
krepko, a mehko,
boleče pa goreče,
z grenkim izkustvom,
s skepljeno muko:
čiv … čiv … čiv …
Vi še ne znate tako.«

**на словенечки преведе Маја Ковач**

**TAJHA**

Откриј ми една твоја тајна
па макар колку мала и лесна,
јас ќе ја скријам во себе гробно –
дури не стане песна.

**SKRIVNOST**

Povej mi kakšno svojo skrivnost,
naj bo še tako lahna in mala,
skril jo bom vase kot v grob –
dokler ne bo pesem postala.

**ВРВ**

Еве на врвот се искачив. Сам.
Тука не ме следи око ничие.
И што? Јас во себе пак го шепотам
жалосниот сон на своето величие.

**VRH**

Glej, na vrh sem se povzpel. Sam.
Tukaj nikogaršnje oko mi ne sledi.
Pa kaj? Še vedno v sebi šepetam
sen svoje veličine žalostni.

**СМЕА**

Ми секна смеата и жеден за неа

в делнична гинам врволица.
Грлово ми е некако станато
песочна суводолица.

**SMEH**

Moj smeh je
presahnil in njega žejen
v vrvežu delovnika umiram.
Moje grlo postaja podobno
peščenim suhim dolinam.

**ЖРТВА**

О драги предмети, о мили луѓе,
си мислам напати – дај сѐ да срушам!
Но вие велите: жртвуј ја младоста,
вие ми велите – и јас ве слушам.

**ŽRTEV**

O, dragi predmeti, o, ljubi ljudje,
pomislim včasih – naj vse pokončam!
Vi pa pravite: žrtvuj mladost,
vi mi pravite – in jaz vas ubogam.

**ТИШИНА**

Има нешто многу просто
и тоа е тишина,
има нешто толку тихо –
вишина, ах вишина.

Легни спрема ова небо,
тони во височини,
склопи очи, склопи очи,
уморен си, почини.

Сека птица, сека птица
ќе го свие крилото.
Ти си сега толку мирен,
сам во зеленилото.

Зошто уште, зошто тоа
секидневно збивање?
Има нешто многу просто –
тоа е заспивање.

**TIŠINA**

Obstaja nekaj zelo preprostega
in to je tišina,
obstaja nekaj tako tihega –
višina, ah višina.

Lezi proti temu nebu,
v visočinah toni,
zapri oči, zapri oči,
utrujen si, počij.

Vsaka ptica, vsaka ptica
bo spodvila krilo.
Ti si zdaj tako miren,
objema te zelenilo.

Zakaj še, zakaj to
vsakodnevno hlastanje?
Obstaja nekaj zelo preprostega –
to je spanje.

**на словенечки преведе Сашо Пуљаревиќ**

**ТАЈНА**

Откриј ми една твоја тајна
па макар толку мала и лесна,
јас ќе ја скријам во себе гробно –
дури не стане песна.

**EL SECRETO**

Revélame uno de tus secretos
no importa lo pequeño y ligero que sea,
Lo esconderé en mi tumba,
hasta que se convierta en una canción.

**на шпански преведе Елена Атанасиу**

**ПРИСПИВНА**

Кој ли ќе те гушне
со рацете мали
и со златна коса
саноќ да те гали?
Кој сребрена песна
на сон ќе ти пее:
„Надвор ветре дува,
месечина грее.
Надвор лисје шуми,
ројот ѕвезден бега.
Јас те сакам многу,
мој си, мој си сега.
Надвор роса роси
и зокумон спие.
Спиј ми, спиј ми, сонот
убав нека ти е“.

**USPAVANKA**

Tvoji roki mali
kdo v objem bo skril,
zlate te pramene
vso noč ti gladil?
Kdo srebrno pesem
ti še v sen popeva:

„Zunaj veter brije,
sij lune vse odeva.
Pošumeva listje,
zvezdic roj roji.
Rad imam te, rad,
moj si, moj zdaj ti.
Zunaj rosa lega,
spava strašni strahek.
Spavaj, spavaj, sen
ovije naj te sladek."

**на словенечки преведе Бисерка Бобнар**

## NINNANANNA

Chi ti abbraccerà con le manine tue e capelli dorati ti accarezzerà
tutta la notte?
Chi la canzone d'argento nel sonno ti canterà:
"Fuori fischia il vento,
la luna brilla.
Fuori le foglie stormiscono,
lo sciame stellato fugge.
Io ti amo tanto,
sei il mio, il mio sei adesso.
Fuori cade la rugiada
e lo spirito dorme.
Dormimi, dormimi, che bello
sia il tuo sonno".

**на италијански преведе Живкица Станковски-Недановска**

## УСПИВАЊЕ НА БОЛНО ДЕТЕ

Заспи ми, мило, смири се веќе,
болно си, мое сине.
На сон ќе видиш јагне и цвеќе,
болката на сон ќе мине.

„Мајчице, саноќ над мене биди,
чувај ме, страшно ми е:
на пајажинана онаму види
Жжолт пајак крв што пие!"

Не, сине, тоа месецот грее
и ѕвезди в небесни страни.
Не бој се, мајка саноќ ќе бдее,
нани ми, нанкај, нани.

**IL NINARE DEL BIMBO MALATO**

Addormentati, caro, calmati ormai,
Sei malato, figliolo mio.
Nel sonno vedrai l'agnello e i fiori,
Il dolore nel sonno passerà.

"Mammina mia, tutta la notte sii con me,
Bada a me, è un incubo:
Su quella ragnatela guarda là
Il ragno giallo che sangue succhia !"

No, figliolo, questa è la luna che brilla
e le stelle da tutte le lati del cielo.
Non aver paura, tutta la notte la mamma veglierà,
ninna nanna, ninna nanna, ninna nanna.

**на италијански преведе Живкица Станковски-Недановска**

**USPAVANKA ZA BOLNO DETE**

Umiri se, spančkaj, ljubo ti dete,
bolno si, sončece moje.
V snu ti boš videlo ovčke in cvetje,
tam tudi bol se izpoje.

"Mamica, vso noč ti bodi ob meni,
čuvaj me, strašno bojim se:
Poglej, tam v kotu je pajek rumeni,
na mreži s krvjo masti se!"

Ne, dete moje, to meseček sije
in zvezdic nešteto gori.
Ničesar ne boj se, mamica tu je,
spančkaj le, spančkaj, zaspi.

**на словенечки преведе Бисерка Бобнар**

## ДЕТЕ ЗАСПАНО КРАЈ ЕЗЕРО

Ти спиеш малечко
а езерото се замислило –
езерото ја подготвува твојата судбина.
Ти спиеш, а тоа
со неусетно потплиснување ти влегува в душа
како во заливче со бели камчиња
во кое секое камче се гледа.
Ти спиеш
но и најситното негово набирање
како нишка води до оние гласни бранови
што еднаш ќе се родат, ќе заплачат и ќе те понесат.
Спиј си детенце!
Езерото ја создава твојата душа
и мисли за твоите идни возбуди.

## DZIECIĘ ŚPIĄCE NAD JEZIOREM

Ty śpisz, maleństwo,
A jezioro się zamyśliło –
Jezioro szykuje twój los.
Ty śpisz, a ono,
Z niewyczuwalnym pluskiem wstępuje w twoją duszę
Jak zatoczka z białymi kamyczkami
W której widać każdy kamyk.
Ty śpisz,
Ale i najdrobniejsze jego falowanie
Jak nić przewodnia prowadzi do tych głośnych fal,
Które, gdy raz się narodzą, zapłaczą i poniosą cię.
Śpij sobie dzieciątko
Jezioro tworzy twoją duszę
I myśli o twoich przyszłych uniesieniach.

**на полски преведе Зофија Дембовска**

## МАГНОЛИЈА

Шетајќи по населбата, забележувам дека во некои дворови магнолиите раскошно расцутиле. И во мојот двор има магнолија. Но, таа секогаш цути скудно. Местото не ѝ е погодено: северна страна, и како да е поклопена од липата.

Оваа пролет на мојата магнолија има само два цвета на две соседни гранчиња. Едниот стои малку повисочко и повеќе се отворил. Другиот како да му допира до рамено и малку се навалува, како да сака да го спушти главчето таму. Но сè уште се воздржува. Тоа не е дозволено.

Предвидувам сè што ќе стане. Овие цветови ќе се гледаат вака и ќе си шепотат нешто нечујно уште два-три дена. Тие нема да прекапат заедно. Едниот ќе остане уште некое време сам, како подзачуден, а потоа ветрето ќе ги одвее и неговите ливчиња. Само јас ќе паметам што се случило тука и што за другите не оставило никаква трага.

**МАГНОЛИЈА**

Шетајући се насељем, примећујем да су се магнолије у неким двориштима раскошно расветале. И у мом дворишту има једна магнолија. Али она увек оскудно цвета. Место јој не одговара: северна страна и као да је засењена липом.

Овој пролећа, моја магнолија има само два цвета, на двема суседним гранчицама. Један од њих стоји мало вишије и отворенији је. Други цвет као да му досеже до рамена и као да жели да тамо наслони главу. Али се још увек уздржава. То није дозвољено.

Предвиђам све што ће се догодити. Ови ће се цветови гледати и шаптаће нешто нечујно још два-три дана. Заједно неће нестати. Један ће остати још неко време сам, као да је зачуђен, а затим ће ветар одвејати његове листиће. Само ћу се ја сећати шта се је ту догодило а што код других није оставило никаквог трага.

**на српски преведе Живкица Станковски-Недановска**

**MAGNOLIJA**

Šetajući kvartom, primjećujem da magnolije raskošno cvjetaju u nekim dvorištima.

I u mom je dvorištu magnolija. Ali uvijek slabo cvjeta. Mjesto joj nije pogođeno: sjeverna strana i kao da je prekrivena lipom.

Ovog proljeća moja magnolija ima tek dva cvijeta na dvjema susjednim grančicama.

Jedan stoji malo poviše i otvoren je više. Izgleda kao da mu drugi dodiruje rame i lagano se naginje kao da tamo želi spustiti glavu. Ali ipak se suzdržava. To nije dopušteno.

Predviđam sve što će se dogoditi. Ovo će se cvijeće gledati ovako i šaputat će si nešto nečujno još dva do tri dana. Međusobno neće se

preklapati. Jedan će neko vrijeme ostati sam, kao začuđen, a potom će vjetar otpuhnuti i njegove latice. Samo ja ću pamtiti što se ovdje dogodilo i što za druge traga nije ostavilo.

**на хрватски преведе Хана Врбаниќ**

**MAGNOLIJA**

Na sprehodu po naselju vidim, da so se magnolije po nekaterih dvoriščih razkošno razcvetele. Tudi na mojem dvorišču je magnolija. Mesto ji ne ustreza: severna stran je in kakor da bi jo zakrivala lipa.

To pomlad sta na moji magnoliji samo dva cveta na dveh sosednjih vejicah. Eden je malo višje in se je bolj odprl. Drugi pa kakor da bi se dotikal njegove rame in se malo naslanjal, kakor da bi hotel tja spustiti glavico. Vendar se še zadržuje. To ni dovoljeno.

Predvidevam, kaj vse se bo zgodilo. Cveta se bosta takole gledala in si nekaj neslišno šepetala še dva-tri dni. Ne bosta odpadla skupaj. Eden bo ostal še nekaj časa sam, kakor da bi bil malo začuden, potem pa bo vetrc odpihnil tudi njegove lističe. Samo jaz se bom spominjal, kaj se je tukaj zgodilo in za druge ni pustilo niti sledu.

**на словенечки преведе Соња Должан**

**MAGNOLIA**

Spacerując po osiedlu zauważam, że na niektórych podwórkach cudownie rozkwitły magnolie. Na moim podwórku również jest magnolia. Lecz ona zawsze kwitnie skąpo. Rośnie w nienajlepszym miejscu: północna strona, jakby zasłonięta lipą.

Tej wiosny moja magnolia ma tylko dwa kwiaty na dwóch sąsiednich gałęziach. Jeden rośnie troszeczkę wyżej i bardziej się otworzył. Drugi, jak gdyby dotykał jego ramienia, przytula się nieco, jakby chciał opuścić tam głowę. Ale wciąż jeszcze się powstrzymuje. To nie jest dozwolone.

Przewiduję wszystko, co się stanie. Te kwiaty będą tak na siebie patrzeć i będą sobie szeptać coś cichutko jeszcze dwa-trzy dni. Nie przekwitną razem. Jeden zostanie jeszcze przez jakiś czas sam, jakby zamyślony, a potem wiatr zwieje również jego płatki. Tylko ja będę pamiętał co się tutaj wydarzyło i co dla innych nie zostawiło żadnego śladu.

**на полски преведе Зофија Дембовска**

**МАГНОЛИЯ**

Докато се разхождах из махалата, забелязах, че в някои дворове магнолиите вече цъфтят с разкошни цветове. И в моя двор има магнолия. Но тя винаги цъфти оскъдно. Не е на правилното място: от северната страна, а и липата я захлупва.

Тази пролет на моята магнолия се появиха само два цвята, на две съседни клонки. Единият е малко по-високо и повече се е отворил. Другият, сякаш му стига до рамото и леко се привежда, иска да склони глава на него. Но се въздържа. Не е позволено.

Ясно ми е какво ще се случи. Цветовете ще се гледат така и ще си шепнат безшумно още два-три дена. Няма да окапят заедно. Единият ще остане още известно време сам, ще стои като учуден, а после вятърът ще отвее и неговите листенца. И само аз ще помня какво се случи тук, без никаква следа за другите.

**на бугарски преведе Валентина Седефчева**

**ПЕПЕРУГА**

Девојченцето: Мајчице, си фатив пеперуга пред врата. Види колку е убава и бела! Таа не стоеше на цвеќе, си лежеше наземи, вака, на едната страна. Јас си ги собув наланчињата да не тропам, одев полека, полека, да не ме чуе, и ја стиснав со двете прстиња. Ама таа не преташе со крилцата како што претаат пеперугите во паркот кога ќе ги фатат. Таа си беше мирничка. Мајчице, нели нема да ме караш дека ја отепав?

Мајката: Не, сине, ти си ја оживеала.

**ПЕПЕРУДА**

Момиченцето: Мамичко, хванах си пеперуда пред вратата. Виж я колко е хубава и бяла! Не беше върху някое цвете, а на земята ей така, на една страна. Събух си налъмите да не тропам, пристъпих лека-полека, да не ме чуе и я стиснах с два пръста. Но тя не запърха с крила като пеперудите в градината, когато ги хващат. Остана си кротка. Мамичко, нали няма да ми се караш, че я убих?

Майката: Не, дъще, ти си я съживила.

**на бугарски преведе Валентина Седефчева**

**MOTYL**

Dziewczynka: Mamusiu, złapałam motylka przed drzwiami. Zobacz, jaki ładny i biały! Nie siedział na kwiatku, leżał na ziemi, o tak, na jednym boku. Zdjęłam buciki, żeby nie tupać, szłam powoli, powoli, żeby mnie nie

słyszał i ścisnęłam go dwoma paluszkami. Ale on nie trzepotał skrzydełkami tak, jak motylki w parku, gdy się je złapie. On był spokojniutki. Mamusiu, prawda, że nie będziesz się na mnie złościć, że go zabiłam?

Mama: Nie, kochanie, ty go ożywiłaś.

**на полски преведе Зофија Дембовска**

**KELEBEK**

Küçük kız: Anneciğim, kapının önünde bir kelebek yakaladım. Ne kadar güzel ve beyaz olduğuna bir bak! Çiçeklerin üzerinde durmuyordu, yerde, böyle bir tarafta yatıyordu. Ses çıkarmayayım diye nalınlarımı çıkardım, beni duymasın diye yavaş yavaş gittim, ve onu iki parmağımla sıktım. Ama parkta, yakaladıklarında kelebeklerin kanat çırptığı gibi çırpmadı kanatlarını bu kelebek. Sakindi.

Anneciğim, onu öldürdüğüm için bana kızmayacaksın değil mi?

Anne: Hayır, oğlum, sen onu canlandırdın.

**на турски преведе Самет Јеркој**

**METULJ**

Deklica: Mamica, pred vrati sem ujela metulja. Poglej, kako lep je in bel! Ni sedel na cvetu, ležal je na tleh, takole, na eni strani. Sezula sem si coklice, da ne bi ropotala, šla sem počasi, počasi, da me ne bi slišal, in stisnila sem ga z dvema prstkoma. Vendar ni utripal s krilci, kakor utripajo metulji v parku, ko jih ujameš. Bil je miren. Mamica, saj me ne boš kregala, ker sem ga ubila, kajne?

Mati: Ne, otrok moj, ti si ga oživila.

**на словенечки преведе Соња Должан**

**АСПЕКТИ**

Цела една група грмушки и дрвца, како да се на школски излет, се запнала да се искачува по ритчето – смреки, зеленики, трње, круши - горнички.

Некои тукушто тргнале, други стигнале до средето, а едно борче стасало веќе на самоти врв и мавта на сите страни за поздрав.

Но, тоа е сето само привид и чиста измислица на умот. Всушност секоја грмушка и секое дрвце стои таму каде што е никнато еднаш за секогаш.

Тоа што никнало највисоко, најлуто го бијат дождовите и ветриштата.

**VIDIKI**

Cela skupina grmičkov in drevesc se je zapodila v hrib, kot da so na šolskem izletu: smreke, zelenike, trnje, medvedje hruške.

Eni so še čisto na začetku, drugi so prispeli do sredine, neki borček pa je dospel že do samega vrha in maha v pozdrav na vse strani.

Toda to je le privid in izmišljija. V resnici vsak grmiček stoji prav tam, kjer je vzniknil enkrat za vselej.

Tistega, ki je vzniknil najvišje, najhuje bijejo deževja in vetrovi.

**на словенечки преведе Намита Субиото**

**АСПЕКТИ**

Цяла група храстчета и дръвчета, сякаш са на училищен излет. Устремили са се нагоре по хълма – смърчове, зеленики, трън, диви круши.

Някои току-що са тръгнали, други са вече до средата, а едно борче е стигнало самия връх и маха за поздрав във всички посоки.

Но това е само заблуда и измама на ума. Всъщност всяко храстче и всяко дръвче стои там, където е поникнало веднъж завинаги.

А онова, израслото на най-високо, него най-люто шибат дъждовете и ветровете.

**на бугарски преведе Валентина Седефчева**

**РУЖА**

Денеска е први јануари, длабока зима. А ружата месечарка под мојот прозорец по некое чудо пак расцутила. Покрај две-три пупки, еден цвет сосем се отворил, и неговото руменило е толку изразито спрема белината на снегот! Таа ружа цутеше и напролет, цутеше цело лето и есен. Зошто да не цути и сега, кога мразови ја стегнале земјата? Можеби сета смисла на нејзиното суштествување ѝ била во тоа да покаже дека е тоа можно. Го посматрам тој црвен цвет. Се извива тој сега на остриот ветар, извонредно е осамен, безнадежен; но тој е сепак реалност, не сум го измислил јас, јас сум само среќен што ми се дало да го гледам и да раскажам за него.

**РУЖА**

Данас је први јануар, дубока зима. А ружа месечарка, неким чудом, поново је процветала под мојим прозором. Поред, два-три пупољка, један се је цвет сасвим отворио, и његово црвенило је толико изражајно

наспрам белине снега! Та ружа је цветала и у пролеће, током целог лета и јесени. Зашто да не цвета и сада, када су мразеви стегли земљу? Можда смисао све њене важности, свог њехог бивствовања лежи баш у томе да покаже да је то могуће. Посматрам тај црвени цвет. сада се он извија на оштром ветру, изванредно усамљен, безнадежан; то је ипак реалност, ја га нисам измислио, ја сам само срећан што имам прилику да га гледам и да приповедам о њему.

**на српски преведе Живкица Станковски-Недановска**

**VRTNICA**

Danes je prvi januar, globoka zima. Bengalska vrtnica pod mojim oknom pa je po nekakšnem čudežu spet zacvetela. Nekaj popkov in en popolnoma razprt cvet, izrazito rdeč v snežni belini! Ta vrtnica je cvetela tudi spomladi, cvetela je celo poletje in jesen. Zakaj ne bi cvetela tudi zdaj, ko je zemljo stisnil mraz? Nemara je ves smisel njenega obstoja prav pokazati, da je to mogoče. Opazujem rdeči cvet. Previja se v ostrem vetru, izredno osamljen, brezupen, pa vendar realen; nisem si ga izmislil, imel sem le srečo, da mi ga je bilo dano videti in o njem pripovedovati.

**на словенечки преведе Намита Субиото**

**РОЗА**

Днес е първи януари, дълбока зима. А градинската роза под моя прозорец по някакво чудо пак цъфна. Край две-три пъпки, един цвят съвсем се е отворил, румеността му е толкова изразителна в белотата на снега. Тази роза цъфтя и през пролетта, цъфтя и през цялото лято и есен. Защо да не цъфти и сега, когато мраз е сковал земята? Вероятно смисълът на нейното съществуване е точно в това да покаже, че може. Наблюдавам аления цвят. Извива се на острия вятър, страшно самотен, безнадежден, но все пак реален, не съм го измислил аз, аз просто се радвам, че ми се удаде да го гледам и да разкажа за него.

**на бугарски преведе Валентина Седефчева**

**СЛЕЗ**

По еден месец во Индија се почувствував чудно, како заскитан во сосем друг свет. Дрвја, но поинакви од нашите. Цвеќиња, но не се како нашите. Птиците пејат поинаку од нашите. Дури волињата и кравите имаат поинакви рогови. И кога е исто, пак е подруго.

Потоа заминавме на обратниот пат за Ирак. Бевме во Багдад, ги посетивме урнатините на Вавилон, стигнавме на север до Мосул, до старата ни нива. И одеднаш, дури ги разгледувавме тие старини, каква изненада и каква возбуда! На ледината, меѓу другите тревки, забележав слез. Тој лази ниско по земји, пушта нежни виолетови цветчиња и заврзува малечки-малечки тркалезни лепчиња. Како деца во Прилеп ги беревме по ледините тие лепчиња и ги јадевме.

О радост, о радост! Мојата душа се уталожи. Почувствував дека сум стапил во своите предели. Тука некаде, иако не близу, треба да биде мојата родна земја.

**СЛЕЗ**

След един месец в Индия започнах да се чувствам странно, като изгубен в съвсем друг свят. Дървета, но по-различни от нашите. Цветя, но не са като нашите. Дори воловете и кравите са с някак по-особени рогове. И хем е същото, хем е и по-инакво.

После по обратния път отидохме в Ирак. Бяхме в Багдад, посетихме руините на Вавилон, стигнахме на север до Мосул, до древната Нинава. И изведнъж, както си разглеждахме тези старини, каква изненада и вълнение! На поляната, сред другите треви, забелязах слез. Пълзи низко по земята, пуска нежни виолетови цветчета и завързва мънички, ама съвсем мънички кръгли плодчета. Като деца в Прилеп ги беряхме по ливадите и ги ядяхме.

Ех, че радост! Душата ми се успокои. Почувствах се сякаш съм у дома си. Тук някъде, не много близо, трябва да е моята родна земя.

**на бугарски преведе Валентина Седефчева**

**SLEZ**

Po mesecu dni v Indiji sem se počutil čudno, kot bi zašel v popolnoma drug svet. Tudi tu so drevesa, vendar drugačna od naših. Rože, vendar ne kot naše. Ptice pojejo drugače kot naše. Celo volovi in krave imajo drugačne rogove. Tudi ko je enako, je vseeno drugače.

Potem smo se vračali domov preko Iraka. Bili smo v Bagdadu, obiskali smo ruševine v Babilonu, šli na sever do Mosula, do starodavnih Niniv. In ko smo si ogledovali arheološke ostanke, me je nenadoma obšlo presenečenje in vznemirjenje. Med zelenjem na ledini sem zagledal slez. To je rastlina, ki se plazi po tleh, razvije nežne vijolične cvetke in obrodi čisto majcene

okrogle hlebčke. Ko sem bil majhen, smo take hlebčke nabirali na ledinah v Prilepu in jih jedli.

O, kakšna radost! Moja duša je bila potolažena. Začutil sem, da sem stopil v svoje okolje. Tu nekje, čeprav ne ravno blizu, bi morala biti moja rodna dežela.

**на словенечки преведе Намита Субиото**

**СЛЕЗ**

После месец дана боравка у Индији, чудно се осећам, као да сам залутао у сасвим други свет. Дрвеће, али другачије од нашег. Свеће, али није као наше. Птице певају другачије. Чак и волови и краве имају другачије рогове. И када је исто, ипак је другачије.

Затим смо кренули обратним путем за Ирак. Били смо у Багдаду, посетили смо рушевине Вавилона, стигли смо на север до Мосула, до старе Ниниве. И одједном, док смо разгледавали те старине, какво изненађење и какво узбуђење! На ледини, између разних травки, угледао сам слез. Он пузи ниско по земљи и испушта нежне љубичасте цветиће који се везују у веома мале округле хлепчиће. У Прилепу, по ледининама смо као деца те хлепчиће брали и јели. О радости, о радости! Моја се душа смирила. Осетио сам да сам ступио на свом тлу. Тамо негде, иако не близу, треба да буде моја родна земља.

**на српски преведе Живкица Станковски-Недановска**

УДК 821.163.3.09Конески, Б.:81’255.4
УДК 81’255.4(062)

**РОЗА ТАСЕВСКА**

# НАПРЕДНАТИ ПРЕВЕДУВАЧИ НА ПРВАТА ЗИМСКА ШКОЛА НА ДАЛЕЧИНА

*Ние, заљубени и изгубени во преводот, го бараме простиот и јасен збор за да ја откриеме љубовта толку скапоцена и убава како сонот на мајската ноќ. Имаме само една желба: да ги сочуваме спомените за ружата месечарка, за планините, пеперугите, стеблата, крушите дивјачки, разговорите коишто не означуваат разминување, туку средба во рајот на литературата.*

Данијела Костадиновиќ
(учесничка во групата напреднати преведувачи)

Оваа 2021 година се одржа Првата зимска школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ во Скопје. Се планираше повеќе од две децении и конечно започна и успешно се реализираше во периодот од 25 јануари до 5 февруари.

За овој период, подолг од пет децении, Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ во Скопје стана вистински македонистички центар, познат и признат во светската научна јавност.

Семинарот, покрај стандардните, континуирано додаваше нови содржини и форми на работа, а еве, сега, за првпат додаде и една цела нова Зимска школа.

Се разбира, тоа го налагаа и реалните потреби: ако на **Првата летна школа, во 1968 година, зел учество 21 учесник од 12 земји**, а во денешно време бројот на оние кои учествувале на досегашните летни школи одамна ја надмина бројката од над четири илјади учесници, тогаш постојаните збогатувања на формите и содржините на Меѓународниот семинар беа неопходно потребни. И тие постојано се правеле и продолжуваат да се прават. Ако на Првата летна школа најголемиот број учесници биле на почетно ниво, сега веќе имаме генерации напреднати македонисти од повеќе поколенија кои ја ширеа и ја шират македонистиката во многу странски земји и кои зад себе оставија млад кадар кој успешно ја продолжува нивната работа. Навистина, тешко е да се пребројат денешните македонисти ширум светот, ама тоа е тешкотија што неизмерно радува. Секако, и селекцијата од големиот број заинтересирани кандидати за учество на Летната школа,

не беше едноставна за организаторите. Секогаш дел од нив останувaa за некоја друга школа, за некоја идна година.

Сето ова говори колку беше важно и неопходно проширувањето на капацитетот за прифаќање што поголем број македонисти, што го овозможува сега и Зимската школа.

Понатаму, Семинарот редовно ги вклучувал во своите програмски содржини јубилејните дати на личности и настани од македонскиот јазик, литература и култура.

Така е и оваа година. Првата зимска школа со сите свои содржини се посвети на нашата сестрана личност, од енциклопедиски формат, на великанот Блаже Конески.

И групата напреднати преведувачи ја посвети својата работа на овој автор, преведувајќи ги следниве текстови на грчки, на руски, на српски и на чешки:

**од „Записи во проза“:** „Копачење“, „Питачи“, „Мајска ноќ“, „Спомен“, „Миг“, „Студ“, „Ружа“, „Камикасе“, „Рибар“, „Разговор“, „Круша дивјачка“;

**од „Везилка“:** „Тајна“, „Од возот“, „Стебло“, „Пеперуга“, „Гулаби“ (*Избрани дела во седум книги,* (второ дополнето јубилејно издание), Култура, Македонска книга, Мисла, Наше книга, Скопје, 1981 г.)

**од „Средба во рајот“ (раскази):** „Средба во рајот“, „Тихиот Дон“, „Разминување“ (*Средба во рајот*, збирка раскази „Мисла“, Скопје 1988г.)

Преводот на **грчки** го направи магистер **Марија Думба**, позната преведувачка од Грција.

На **руски** беа изработени два превода од:

**Марија Громова**, магистер на Филолошкиот факултет при Московскиот државен универзитет „М.В. Ломоносов“ и

**Полина Гаврилова**, магистранд на Филолошкиот факултет при Московскиот државен универзитет „М.В. Ломоносов“, чија теза гласи: „Женските ликови во творештвото на П. М. Андреевски“.

Автор на **српскиот превод** е **Данијела Костадиновиќ**, вонреден професор, која предава македонска книжевност на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Ниш.

На **чешки** текстовите ги преведе **Кристина Дуфкова**, магистер по филолошки науки. Предава македонистика на Педагошкиот факултет при Универзитетот во Храдец Кралове и на Филозофскиот факултет при Масариковиот универзитет во Брно.

Сега, пишувајќи го овој текст за Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ во Скопје, за Првата зимска школа, целосно посветена на 100-годишнината од раѓањето на Блаже Конески, пресметав уште еден мал јубилеј. **Петнаесет години од преведувачката дејност**, како една од содржините на Летната школа, а сега и на Зимската.

Затоа ќе направам една **кратка историја** за нејзината работа и за писмените траги што ги оставила од своите почетоци, од 2006 година. А тоа се имиња на повеќе генерации странски македонисти, кои превеле бројни текстови од областа на македонскиот фолклор, на уметничката литература, од областа на културата итн.

Во таа прва 2006 година се работеше со руски и со англиски, т.е. македонски-руски-македонски и македонски-англиски-македонски. Курсевите се одвиваа по завршувањето на лекторските вежби и на предавањата и траеја една седмица по час и половина. Интересот на учесниците беше голем. Работилниците за превод се покажаа како многу корисни за слушателите од сите степени (и за почетниците и за средните и за напреднатите).

Но, преку разговорите и преку анкетите на учесниците на Меѓународниот семинар, се дојде до заклучок дека заинтересираноста е поголема од првичните очекувања и се појави потреба оваа форма на работа да се прошири на повеќе јазици и времетраењето да се продолжи. Значи и покрај тоа што се претпоставуваше реално дека повеќето од учесниците како слависти, го познаваат рускиот јазик и англискиот, како јазик за меѓународно општење, сепак, многу учесници останаа надвор од работата на преведувачките работилници поради недоволното познавање на овие два јазика.

Раководството на Меѓународниот семинар, поаѓајќи од своите можности (финансиски, кадровски, просторни) и од составот и бројноста на странските македонисти, според јазикот и според земјата од која доаѓаат, веќе во наредната 2007 година воведе уште една преведувачка група за полски јазик, односно македонски-полски-македонски, а времетраењето го продолжи на две недели. Преведувачките работилници ги водеа колеги од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“. Групата за македонски-руски-македонски ја водеше Роза Тасевска, македонски-англиски-македонски – Елена Петроска и Андријана Павлова, а македонски- полски-македонски – Лидија Танушевска.

Во 2015 година **Преведувачката работилница** се сведе на една група и се вклучи во лекторските вежби за напреднати под називот „напреднати преведувачи“ и трае, како секој лекторски курс, по четири часа дневно. Оваа група ја посетуваат учесници од различни земји кои прилично добро го владеат македонскиот јазик и се способни со помош на лекторот да преведуваат текстови од македонски на својот јазик и обратно. Групата ја води до денес лекторката Роза Тасевска.

Во почетокот некои од преводите на странските учесници беа печатени главно во прилози или во посебни изданија на „Универзитетскиот весник“, посветени на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура.

Првпат резултатите од Преведувачката работилница на 44. Летна школа во 2011 година, која беше посветена на Блаже Конески по повод 90-годишнината од неговото раѓање, се печатат во посебно, мошне скромно по обем, издание. Во него влегоа дел од неговите песни и раскази на руски, на англиски, полски, бугарски, српски, украински, унгарски и на шпански:

*Блаже Конески на 8 јазици,* XLIV меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 27 јуни – 12 јули 2011 година), при УКИМ, Скопје 2012,51 с.

Ова издание на преводите од Блаже Конески на осум странски јазици претставуваше само почеток и поттик за понатамошна поактивна и поширока вклученост на странските учесници во преведувачката дејност на Семинарот. Самиот факт што нивниот преведувачки труд остави трага во едно вакво издание дополнително ги мотивираше да се вклучат во работата на овие работилници.

Во понатамошните години текстовите на преводите се печатеа во Зборникот предавања на Семинарот:

- *Преводи изработени на Летната школа во 2015 година*, Предавања на XLVIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, од 13 - 27 јуни 2015 година), УКИМ, Скопје, 2016, с.101-132;
- *Преводи изработени на Летната школа во 2016 година*, Предавања на XLIX меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, од 11 - 26 јуни 2016 година), УКИМ, Скопје, 2017, с.147-267;

- *За што сонуваше Дедо Мраз*, Билјана Црвенковска *Преводи изработени на Летната школа во 2017 година,* Предавања на L летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, (Охрид, од 11 - 26 јуни 2017 година), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје 2018. с.226-572.
- *Преводи изработени на Летната школа во 2018 година*, Предавања на LI меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, од 16.06. – 01.07. јуни 2018 година), УКИМ, Скопје, 2019, с.147-188;
- „Весна на 6 јазици“, *Преводи изработени на Летната школа во 2019 година*, Предавања на LII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, од 4- 23 август 2019 година), УКИМ, Скопје, 2020, с.176-324.

На крај можеме со задоволство и со увереност да потврдиме дека преведувачките работилници природно се вклопија во дејноста на Семинарот, како една од најполезните форми на работа во усвојувањето на богатството, на тајните и на убавините на еден јазик, во случајов на нашиот македонски јазик. Се надеваме и очекуваме овој мал и убав петнаесетгодишен јубилеј да биде поттик за понатамошна уште поуспешна и поплодна работа на преведувачката дејност и на Летната и на Зимската школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура и со поголеми резултати да одбележува многу наредни годишнини и јубилеи.

# ЗАПИСИ ВО ПРОЗА

## КОПАЧЕЊЕ

Денеска ја корнев ружата јазачица. Ја разгрнував со дурија земјата околу неа, удирав со казма по коренот што пуштил жили на сите страни длабоко в земи.

Бев сиот задишен, испотен. На крајот успеав да го отчешнам коренот од неговото лежиште. Но, во земјата, сепак, останаа многу жили и жилички што ги искинав со силно мавање.

Ќе ме проколнуваат тие жили напролет. Зашто во нив уште има живот, а им недостасува воздух. Ќе тагуваат тие по лисјето, дури не истлеат сосем.

На таков начин ја искорнав јас и љубовта од сувата почва на своето срце.

## ПИТАЧИ

И така, мачно, најпосле стануваме свесни дека е за нас, кои веќе нагло старееме, љубовта толку скапоцена, што нема надеж дека воопшто може да ни припадне, ако еднаш сме ја загубиле или никогаш и не сме ја сретнале. Ние мораме дури и од своите деца да питаме малку наклоност, поблага насмевка, трошка повеќе внимание, писменце поинтимно интонирано - ние стануваме питачи на љубов. Се фаќаме сами себе во мислата дека би сакале да застанеме на аголот, приквечер, кога се палат излозите, и кога забрзано врват луѓето. Се надеваме на средба, иако е тоа сосем илузорна надеж.

## МАЈСКА НОЌ

Цела ноќ ја сонувам. Се будам повремено колку да сетам дека всушност ја нема, дека реалноста е безмилосно проста и јасна. Незаштитено е моето срце во ваква ноќ, разградено за страдање. Говорам со неа на сон, ѝ приоѓам, не можам да совладам една проклета граница меѓу нас, се будам – и сеќавам безмерна тага – ми лежи тешко на левата страна од градиве. Ова е мајска ноќ, врнежлива. Сега се слуша глас на птица од бавчата. Како солза капе таа песна. Го шепотам нејзиното име, самиот сум изненаден од тоа колку сум занесен. А само ужасна крајна самотија со својата бестелесна дланка во оваа ноќ.

## СПОМЕН

1.

Суштествува страшен миг – кога и споменот се распаѓа, се разлага. Јас те молам не да ми вратиш нешто од животот, ами да ми ги обновиш спомените.

Зачувај ги, ако можеш, сам своите спомени!

2.

- Ја гледам подобро од тебе сенката, ги гледам појасно нејзините шарки под лозницата на трева, под столот на сончев под; густиот сплет на лисјата ми е поразбирлив одошто на други, - затоа ти сепак често ќе зажалиш што не си со мене.

## МИГ

Едно остро сознание дека треба да се користи мигот, токму овој миг. Дека е незаменлива оваа прошетка приквечер по улиците на стариот град, овој поглед на излозите, на небото и на планините в далечина, ова дишење дури талкам. Увереност дека е тоа среќата! Што можат да ме засегаат во тој миг сите други предвидувања!

## СТУД

Ноќеска е надвор голем студ, цибрина. Небото сосем јасно, мрзне снегот на улиците. Се враќам доцна дома. Студот ме боцка со танки иглички по писките. Еве ме сега веќе во топла соба. Земам книга да прочитам некоја страница пред спиење. Уште не сум сосем затоплен и студенилото искри од мене. И одеднаш мисла - нагла, јасна и студена - дека е толку природно што сум осамен, дека ништо пологично нема од тоа, дека сѐ морало да биде како што било. Мрзне крвта во мене оваа ноќ, зашто мрзне сѐ наоколу.

## РУЖА

Денеска е први јануари, длабока зима. А ружата месечарка под мојот прозорец по некое чудо пак расцутила. Покрај две-три пупки, еден цвет сосем се отворил, и неговото руменило е толку изразито спрема белината на снегот! Таа ружа, цутеше и напролет, цутеше цело лето и есен. Зошто да не цути и сега, кога мразови ја стегнале земјата? Можеби сета смисла на нејзиното суштествување и била во тоа да покаже дека е тоа можно. Го посматрам тој црвен цвет. Се извива тој

сега на остриот ветар, извонредно е усамен, безнадежен; но тој е сепак реалност, не сум го измислил јас, јас сум само среќен што ми се дало да го гледам и да раскажам за него.

**КАМИКАЅЕ**

Ми тврдеа дека Јапонците се одликуваат со извонредна рационалност, дека тие не се сентиментални, ами исправени, горди луѓе. А јас си помислив тогаш дека токму тие рационалисти се определиле за славното камикаѕе - едновремено крајно ирационален, а и крајно конвенционален акт. Тие ја изнашле таа вештина веројатно за да не ја постават под сомнение својата гордост и исправност. Јас си мислев дека тоа е сепак фаќање за една форма и дека многу смелост треба да се изложи својата гордост и своето достоинство на проба. Секоја будала може тогаш да плукне на човека што го зел на себе ризикот да не постапува спрема конвенциите.

**РИБАР**

Кинисав како рибар со мрежа покрај една река во која нема риба. Јас сум загубен притоа, парталав, стар, смешен. Немој да мислиш дека не го сфатив веднаш твојот однос. Јас само ти простив во оној ист миг, како што сиромавиот му простува на богаташот когошто секогаш би можел да го презре.

**РАЗГОВОР**

Монологот не суштествува, монологот е измислена работа. Го пишувам ова зашто ми е потребно да го продолжам разговорот. Јас веројатно не сум успеал да ја сфатам сета човечка длабочина на таквата потреба.

Се штреснав силно кога мајка рече за покојниот татко: „Го заклаа така на операција; да го оставеа барем еден ден повеќе жив, да кажеше уште некој збор“.

Држиме до себе, до својата чест и углед. А зар е срамота, по сите вакви опити, да се лази во прашиште за да се чуе само уште еден збор на човекот што го сакаш?

## КРУША ДИВЈАЧКА

Уште покојниот татко ја пресече крушата дивјачка во нашиот двор. Имаше раскошна круна и пушташе чудесна сенка преку тревата во летни денови. Но, ја нападнаа гасеници, ги распнаа насекаде своите проѕирни гнезда, беше тешко да се очистат, и другите дрвја околу ќе страдаа од тоа легло. Тогаш дојде секирата и од дрвото остана само улогава одломка, да качат на неа со едниот крај жица за прострање облека.

Очевидно дека силата на животот во тоа дрво била голема. Првата пролет пушти сакатото стебло филизи дури негде при врвот. Мине времето. Сега е пак пролет и сега јасно гледам како смртта го парализира она што живово тело го врзуваше за земјата и нејзините сокови. Нема веќе гранчиња при врвот. Не струјат веќе таму сокови и не се врши чудото на преобразба. Само при дното сиротата потемнета пењушка дава уште знаци на живот. Сè ѝ станува безразлично. По некое ливче зазеленело. Сè друго вклештил камениот заборав.

## ВЕЗИЛКА

ТАЈНА
Откриј ми една твоја тајна,
па макар колку мала и лесна,
јас ќе ја кријам во себе гробно-
дури не стане песна.

ОД ВОЗОТ
Ене го крајот во возбуда сина.
Таму детинството мое ми мина.
Плачат оние планини за мене!

Под нив, на падина, се проѕира село.
Зар некој не мавта со шамиче бело?
Плачат оние планини за мене!

Возот одминува сè што ќе срете.
Си било онаму еднаш едно дете.
Плачат оние планини за мене!

Често мислата назад ме враќа.
Животот другаде негде ме праќа.
Плачат оние планини за мене!

СТЕБЛО
Паднатите лисја ги викаат
тие што уште,
уплашени од неизвесноста на падот,
трепетат на дрвото:
„Дојдете долу да си умреме,
побегнете од ветриштата
во приземна тишина.
Нека остане гол тој јагленосан скелет
да крши црни раце во просторот,
трупот нека му биде корито
за водите на дождот есенски.
А ние густо ќе го обиколиме,
да не може да го пречекори кругот
на своите жолто-златни спомени.“

**ПЕПЕРУГА**

*Девојченцето*: Мајчице, си фатив пеперуга пред врата. Види колку е убава и бела! Таа не стоеше на цвеќе, си лежеше наземи, вака, на едната страна. Јас си ги собув наланчињата да не тропаат, одев полека, да не ме чуе, и ја стискав со двете прстиња. Ама таа не преташе со крилцата како што претаат пеперугите во паркот кога ќе ги фатат. Таа си беше мирничка. Мајчице, нели нема да ме караш дека ја отепав?

*Мајката*: Не, сине, ти си ја оживеала.

**ГУЛАБИ**

Под старата катедрала. Сонце. На англиската трева, на патеките, сонце што го открива виолетниот прелив на гушките од гулабите.

Прва сцена: детенце (девојченце – одвај пропаткано) сака да ги фати гулабите. Го знае можеби само зборот „па-па-па-па“.

Втора сцена: привлечена од тоа, жена (до скоро можела самата да биде наречена гулаб) сака да го сними девојченцето со гулабите, но или тоа се истава или гулабите или гулабите подлетнуваат потака. Жената резигнира.

Трета сцена: човек, навлезен во средовечните години (за да ѝ помогне на жената) вади трошки од џебот и им ги фрла на гулабите да

се соберат. Тие се збираат во шарена лепеза. Но, жената не го разбира неговиот гест, а тој не се осмелува да ѝ се обрати.

Опис на гулабите: тие се сите подеднакво убави, тие сите красно гукаат, тие подеднакво си ја делат љубовта.

Завршна слика: ненадеен удар на камбаните на катедралата. Гулабите како по знак летнуваат в небо: нека се задржи само оној одблесок на сонцето на работ на нивните раширени крила.

**СРЕДБА ВО РАЈОТ**

При крајот на 1956 година за првпат пристигнав во Париз и останав неколку месеци, сè до мај идната година.

За малку тој град ќе ја скршеше мојата волја. Видов каде сум и што сум спрема таа чудесија градена и организирана со векови од еден голем народ. Ми се чинеше дека и крајната цел на еден голем народ е да создаде голем град со својствен изглед, својствена душа и физиономија.

Сепак, најдов некоја опора во себе. Прво прибежиште ми беше полутемната просторија на Институтот за славистика (ул. Мишле 9). Но, таму ме чекаше мрачната прилика на стариот библиотекар, руски емигрант, господин Бутчик. Сув, кожа и коски, ќелав, намуртен како да се грчи од некоја тешка, постојано присутна болка, господин Бутчик беше далеку од родот на оние љубезни и пријатни библиотекари, секогаш готови да услужат, да поразговараат токму колку што треба и дури да му помогнат на читателот со свои совети. Не, господин Бутчик не ги привлекуваше своите гости, ами повеќе ги одбиваше. Особено сурово ги пречекуваше оние што доаѓаат првпат. Неговиот поглед ги мереше од глава до петици, полн со сомнение и со студ што крева морници. Можеби и тоа беше една од причините што господин Бутчик никогаш немаше многу читатели во својата полумрачна сала.

Но, јас останав неколку месеци и, се чини, успешно го издржав карантинот. Јас сум по природа многу претпазлив спрема луѓе што ме држат во напнатост и многу внимавам да не ги повредам ниту со пренаглен гест, ниту со самосвесна интонација. Моето доста добро знаење на рускиот јазик и литература спомогна да се зближиме полека-полека со господин Бутчик. Од ден на ден јас се чувствував пoслободно во неговото присуство, но сепак постојано се трудев да не ја нарушам со нешто, ами да ја градам натаму еднаш создадената хармонија.

Дека таа беше постигната, се виде кога господин Бутчик сам ми понуди да ја прочитам неговата библиографија на француски преводи

од руската белетристика. Таа книшка беше полна со гнев, жолч извираше од неа. Господин Бутчик со право негодуваше дека Французите не само што малку преведуваат од руски, ами притоа се однесуваат дури светотатски спрема најголемите творби на рускиот дух. За илустрација на тоа во неговото дело беше репродуцирана насловната страна на преводот на „Ана Каренина“, на која хероината на Лав Толстој беше претставена скоро како шантанска дама. Какво неразбирање, какво ужасно искривување! Разбрав како и зошто, капка по капка, се собирала горчина во овој човек, ништејќи ја неговата веселост, не оставајќи ни трага од насмев на неговото лице.

Кога му ја враќав книгата, тој дури со некаков трепет исчекуваше што ќе кажам. Беше многу задоволен кога му кажав дека, според мене, им дал добра лекција на Французите. „Знаете како се искажа Жорж Диамел кога ја прочита?“ – си спомни пред мене господин Бутчик. – „Тој само трипати повтори: Je proteste! Je proteste! Je proteste!“.

Дека и јас и суровиот господин Бутчик многу сме се зближиле, почувствував кога требаше да си заминам од Париз.

„Ете, - рече тој- ќе се сретнат луѓе, ќе се спријателат, а потоа веднаш треба да се разделат“. Неговиот глас трепереше од возбуда, влага ги прелеа неговите сини очи.

Минаа некои дванаесет години и јас пак се најдов во Париз, во истиот Институт, каде што сега требаше да држам предавање. Малку надеж имаше дека ќе го видам господин Бутчик, којшто за мене остана незаборавен, но со кого не одржував никакви контакти по разделбата. А тој, сепак ме пречека на влезната врата. По поздравувањето и првите разменети зборови, ми рече: „Јас сум повеќе години во пензија и не доаѓам овде, уште помалку на овие предавања. Сега дојдов само за да Ве видам Вас. Не ми се верува дека ние уште еднаш ќе се сретнеме во животот и затоа сакам да Ви пренесам една многу важна порака. Кога ќе дојдете во рајот, за да не скитате многу и да не губите време барајќи ме, знајте дека јас ќе Ве чекам веднаш до влезот од десната страна“.

Го пишувам ова и ми се чини дека господин Бутчик ме гледа одозгора од некое небеско прозорче. Иако тоа не му беше својствено, тој сега се поднасмева и како да ми вели: „Да, местото е закажано, а јас од секидневниот рајски билтен беспогрешно ќе дознам во кој час Вие ќе пристигнете овде. Јас и тука работам во библиотеката“.

## ТИХИОТ ДОН

Еден пролетен ден 1950 година, мала група, ние двајца наставници и неколку студенти, на дијалектолошка екскурзија во Кратовско, пристигнавме во Лесновскиот манастир. Тука останавме и да преноќеваме.

Го паметам добро будењето другото утро. Во одајата беше влегол веќе богат сноп утринска сончевина. Слухот го изненадуваат крици на пауни во дворот и некакво ѕвечкање по калдрмата, како да влечка некој железо. Погледнав, веќе станат, низ прозорец. Долу се движи по своја работа јуродивиот Дончо, целиот изврзан со синџири што се влечат по земи и ѕингараат. Облечен селски, во бечви, тој е целиот парталав, така што се чини дека не шевовите, ами уште синџирите ја крепат неговата облека. Дончо очевидно продолжува една стара локална традиција. Тој е и единствениот овдешен човек во овој манастир. Другите двајца се Руси.

Уште од Злетово или Пробиштип разбравме дека игуменот, Виталиј, бил во Русија коњички офицер. Вчера добро се запознавме и го научивме неговиот ред. Веќе во години, побелен, тој се држи прав како пушка, како да е висок и виток, и само во одот неусетно ја повлекува десната нога. Тоа е последица од рана здобиена во борба со црвените. Мнозина руски емигранти, како него, се беа прибрале по нашите манастири и го завршуваа така својот животен пат. Сум чул една верзија, но тоа не е за верување, дека дури и страшниот Нестор Махно, водачот на анархистичките банди во Украина, го окончал својот живот под монашко име во некој манастир во Црна Гора.

На Виталиј му прислужува Павел. Се чини како да му е тој истиот посилни од Русија и има токму такво држење, пристапувајќи му во полунаклон на својот господар. Павел мирско лице, носи чизми и качкет. По некој добро установен нивни ред, тој му принесува во послужавник од време на време чаша ракија и чаша вода. Поради тоа Виталиј е продуховено замајан. Тој не зборува смерно како калуѓер, тој командува отсечно. Дончо и Павел се последните остатоци од неговата чета.

Под негова власт, но секако не и по негова вина, манастирот доживува тешки денови. Источната порта е урната и конаците од таа страна почнале да се рушат. Бурјан расте на самото кубе.

Во црквата останале уште неколку книги од оние до дваесет товари, колку што пред сто години пресметувал да имало во Лесново Јордан Хаџи Константинов Џинот. Сепак, тие претставуваат некаков интерес. Мене ми запна окото за еден манастирски економски тефтер и за „Чудеса пресвјатија Богородици“ од Јоаким Крчовски.

Поведов преговори со Виталиј да ни ги отстапи за нашата семинарска библиотека. Тој се тегавеше малку, но се согласи, откако му ветив дека за замена ќе му испратам една голема и интересна книга на руски јазик.

За среќа имав дома еднотомник на „Тихиот Дон“ и веднаш по враќањето му го пратив на Виталиј, не се сеќавам сега како, по пошта или, поверојатно, по човек.

Бев изненаден кога по извесно време ми пристигна од него поштенска картичка, пишувана на руски јазик. „Ви благодарам многу за книгата“, ми пишуваше Виталиј. Сè што е таму раскажано е сушта вистина „Читам, и час се смеам, час плачам. Па јас самиот сум бил таму!“

Кој знае, си помислив, дали Шолохов воопшто некогаш добил ваков суд од некој од своите читатели, заправо од некој од своите можни јунаци.

Кога по повеќе години отидов повторно во Лесново, Виталиј и неговата придружба не беа веќе меѓу живите. Нè пречека една жена што ги држеше клучовите. Црквата беше реставрирана, кубето прекриено, урнатините на источната страна расчистени. Жената ни кажа во доверба дека оние што ја поправале црквата ископале злато, го скриле, си отишле брго-брго и оттогаш поштук им нема. И ова е една од легендите што постојано се обновуваат околу манастирите. Не сум сигурен дали тогаш прашав каде е погребан Виталиј. Претполагам дека е на селските гробишта, зашто во манастирскиот двор не забележав гроб. Ако не стигнам јас, нека се распраша за тоа некој друг место мене. А, пак, ако некогаш случајно се најде во Лесново еднотомникот на „Тихиот Дон“, ќе се знае кога и како стигнал таму.

**РАЗМИНУВАЊЕ**

Таа студена декемвриска вечер 1945 година под бледата светилка на аголот од Теразие и Балканска улица во Белград се покажа фигурата на еден млад слабичок човек, тргнат за на станица. Тој не беше облечен и обуен како за ваков студ, износен штофен мантил и плитки чевли. Веќе чувствуваше студени иглички негде-годе по снагата.

Во десната рака тој го носеше своето рачно куферче, а во левата, под мишка, еден пакет со книги. Беше дојден денеска по службена работа, и овие книги му ги дадоа како корисни и потребни да ги носи во Скопје. Добар дел од пакетот зафаќаше еден неподврзан егземплар на Хегеловата „Логика“.

Тој се упати надолу по Балканска, газејќи претпазливо по замрзнатиот тротоар. По малку сети леки чекори што го пристигнуваат. Од полумракот се покажа сосем млада девојка, веројатно гимназијалка, облечена, и таа како него, недоволно и скромно.

- Добровечер. Вие сигурно одите на станица?
- Да.
- Дајте да ви помогнам.
- Не, не – рече тој. – Зошто да се мачите? Можам сам.
- Дозволете, ве молам, мене ми е и така по пат.

Тој ѝ го подаде пакетот и веќе зачекорија напоредно. Му беше пријатно нејзиното присуство од десната страна. Меѓутоа, разговорот остана сосем скржав.

- Кај седите?
- На Сењак.
- О, има уште многу да одите по овој студ.
- Ништо, јас сум свикната.

Излегоа веќе на плоштадот пред станицата. Тој помисли дека би било добро да ја задржи малку, да ја праша за најобични работи, да ја праша за нејзиното име. Можеби не е лошо да ги разменат адресите, можеби ќе почнат да се допишуваат. Но, нагло се откажа од таа помисла, ѝ се заблагодари, ѝ подаде рака, и секој отиде на своја страна.

Минеа години и носеа горчлив опит. Тој човек веќе одамна не е млад. Косата му е побелена. И чудно, таа мала случка сега сѐ почесто му се јавува во споменот, иако од неа поминало толку време. Загубена е острината на оцртите, заборавени зборовите и гласот, но затоа е сѐ поинтензивно кај него чувството дека од десната страна му оди, и како да го допира, едно драго суштество.

Има љубов во животот, - си вели тој. Има согласност од која животот станува прост и без компликации, а полн со содржина. Има таква љубов што сака да ни помогне и, кога треба, да земе спремно на себе дел од нашата тежина. Таа прави да е младоста убава и полетна, а староста да иде како спокојно зреење. Има таква љубов, кој вели дека ја нема! Човек само треба да ја најде и да ја задржи, ако ја нашол. А што стори тој? Тој ја препозна кога веќе беше доцна. Тој ја одмина, тој ја превиде, тој ја загуби неповратно во онаа далечна декемвриска вечер. Опоро каење како со студени иглички ја пронижува сета негова душа поради свеста дека тој самиот ја изневерил сушноста на својот живот.

Веројатно е тоа обична негова самоизмама.

# ΚΑΤΑΓΡΑΦΕΣ ΣΕ ΠΡΟΖΑ

## ΞΕΡΙΖΩΜΑ

Σήμερα ξερίζωσα την αναρριχώμενη τριανταφυλλιά. Δούλεψα κυκλικά το χώμα ολόγυρά της με ντουρί, χτυπούσα με κασμά στην ρίζα που άπλωσε φλέβες προς όλες τις πλευρές βαθιά μέσα στη γη.

Ήμουν λαχανιασμένος εντελώς, καταϊδρωμένος. Στο τέλος κατάφερα να ξεκολλήσω τη ρίζα από το λίκνο της. Όμως στο χώμα έμειναν,ωστόσο,πολλές φλέβες και φλεβίτσες που τις έσκισα με δυνατό ταρακούνημα.

Θα με καταριούνται αυτές οι φλέβες την άνοιξη. Γιατί σ’ αυτές υπάρχει ακόμα ζωή, όμως λείπει από αυτές ο αέρας. Θα θρηνούν εκείνες για τα φύλλα , έως ότου δεν εξαντληθούν εντελώς.

Με τέτοιο τρόπο την ξερίζωσα εγώ την αγάπη από το ξερό χώμα της καρδιάς μου.

## ΖΗΤΙΑΝΟΙ

Κι έτσι, οδυνηρά, πάρα πολύ αργά συνειδητοποιούμε ότι είναι για μας, που ήδη απότομαγερνάμε, η αγάπη τόσο πολύτιμη, ώστε διόλου δεν υπάρχει ελπίδα ότι μπορεί να μας ανήκει, εάν μια φορά την έχουμε χάσει ή δεν την έχουμε συναντήσει ποτέ. Εμείς πρέπει ακόμη κι από τα παιδιά μας να ζητιανεύουμε λίγη στοργή, πιο γλυκό χαμόγελο, ψίχουλα περισσότερης προσοχής, ένα γράμμα σε πιο οικείο ύφος – εμείς γινόμαστε ζητιάνοι της αγάπης. Συλλαμβάνουμε μόνοι μας τον εαυτό μας με τη σκέψη ότι θα θέλαμε να σταθούμε στη γωνιά, πριν το βράδυ, όταν ανάβουν τα φώτα στις βιτρίνες των καταστημάτων, κι όταν βιαστικά περνάνε οι άνθρωποι. Ελπίζουμε για μια συνάντηση, μολονότι αυτό είναι μια ολωσδιόλου απατηλή ελπίδα.

## ΜΑΓΙΑΤΙΚΗ ΝΥΧΤΑ

Во месечното списание „**Слободна земја**" се појави во 1946 година една статија, во која меѓу другото се пишува „дека македонската книжнина има добро минато. Од преродбениците се истакнуваат браќата Миладиновци, кои за Македонија имаат исто значење како Њемцова и Ербен за нас. Во масовното движење за ослободување на Македонија се истакнаа неколку добри поети, како на пример Кочо Солев – Рацин, кој загина во партизанските борби /збирката *Бели мугри*/, Коле Неделковски /збирки *Маскавици*, *Пеш по светот*/ и создателот на модерната граматика Блаже Конески... "

Кога во 1965 година се појави неговата „**Историја на македонскиот јазик**" за неа напишав во реномираното славистичко списание „**Славија**" опширна рецензија. Во шеесеттите години бев гостин на Струшките вечери на поезијата.

При секоја моја посета во Скопје бев негов гостин. Обично ме канеше на ручек. Најчесто ручавме во Клубот на пратениците. Или на кафе. Дискутиравме за литературни и јазични прашања. Во неколку случаи ми помогна така што ги прочита и ги препорача за печатење моите статии. Духовно ме поддржа препорачувајќи ја за печат мојата опширна студија за историјата на македонско-чешките културни врски.

Ми ја објави во списанието на Институтот за национална историја. Текстот стана основа за мојата монографија „**Балканот и Чешките земји /1973/**“. Книгата имаше за мене тешки последици. Бугарските партиски и културни органи протестираа кај највисоките чехословачки и бугарски органи, бараа да бидам отпуштен од Универзитетот и да бидам казнет. Јас продолжив да водам предавања и вежби по балканските јазици и литератури, вклучувајќи ја тука и бугарската литература и историја.

Продолжив да ги следам и да ги прикажувам новоиздадените книги на Блаже и на други македонски и југословенски автори. На пример во факултетскиот зборник ја претставив книгата „**Македонскиот 19 век /1988/**“.

Од 1965 година почнав да објавувам во чешкиот дневен и периодичен печат мои преводи на песни од Конески. Моите преводи од творештвото на Блаже ги издадов во 1996 година во посебна книга, илустрирана од мојата сопруга Дагмар Доровска. Песните пред тоа беа во антологијата „**Сино небо над Охрид**“. Тоа беше прва чешка комплетна презентација на нашата поезија.

Блаже беше еден од првите македонски преведувачи од чешки. Освен преводите од Хајних Хејне и П. П. Његош, како и Александар Блок, Блаже Конески објави преводи од шест полски, четири руски и шест чешки поети: К. Ј. Ербен, Јан Неруда, Петар Безруч, Јиржи Волкер и Витезслав Незвал. Излегоа во списанието „**Млада литература**“.

Сè до смртта бевме во контакт. И кога имав потреба, му се јавував писмено. Никогаш не откажа да ми одговори. За жал, кореспонденцијата не ја имам уредено.

УДК 929Конески, Б.(093.3)

**академик ВИКТОР ФРИДМАН**
Универзитет Чикаго и Универзитет Ла Троб

## БЛАЖЕ КОНЕСКИ: НЕКОИ ЛИЧНИ СЕЌАВАЊА И ЕДНА ЛИНГВИСТИЧКА ПОЧЕСТ

Се сретнав за првпат со Блаже Конески во далечната 1971г., и тоа двапати. Во јули месец, подготвувајќи се за IV Семинар за македонски јазик, литература и култура, чиј директор беше Божо Видоески, ја прочитав Блажевата граматика на македонскиот литературен јазик (Конески 1967 г.) и напишав за себеси еден нацрт на македонска граматика врз основа на неговата книга. Исто така, се користев со тритомниот речник којшто тој го редактирал (Конески 1961-1966). Потоа, го сретнав лично во август како учесник на Семинарот. Многу добро и топло се сеќавам како тој се однесуваше кон мене на Семинарот, како кон вистински колега, иако тогаш јас бев 21-годишен постдипломец, со штотуку завршена прва година на моите студии, а тој беше професор, академик и истакнат лингвист, познат во целиот свет. Никогаш нема да заборавам како разговаравме, шетајќи се по плажата во Свети Наум. Беше посебна привилегија да зборувам со авторот на „Тешкото“ и други песни што ги читав на моите часови. Фактот дека Блаже Конески и Божо Видоески одамна беа пријатели со моите професори во Чикаго, Збигњев Голомб и Едвард Станкиевич, исто така беше како врска меѓу нас. Од самиот почеток на Семинарот се чувствував добредојден. Семинарот за мене беше клучен настан, затоа што заради моите пријатни искуства таму се определив за специјализација по македонскиот јазик, па и потоа и по другите јазици на Македонија. Моето среќавање со Блаже Конески беше важен дел од ова решение.

Кога се вратив во Чикаго, читав многу од неговите работи, и се вратив на Семинарот, пак, во 1972 г., кога пак имавме доста прилики да се видиме. Престојував во Скопје за специјализација во 1973-74 г., истражувајќи го македонскиот глагол за мојата докторска дисертација. Блаже Конески заедно со Божо Видоески ми беше ментор и еден од моите главни информатори. Иако тој беше многу зафатен меѓу другото со претседателството на Македонската академија на науките и уметностите, тој сепак никогаш не беше толку зафатен за да не може да го сподели со мене неговото време и знаење за македонскиот јазик. Со една слатка носталгија се сеќавам на неговата канцеларија во

куќата на Шкаперда, старата зграда на МАНУ (а сега италијанската амбасада) каде што тој ми одговараше на толку прашања поврзани со граматичките категории на македонскиот глагол и каде што секогаш тој ме честеше со кафе и со ракија. Онаа година, исто така бев гостин кај него дома. Неговата помош и неговото гостопримство беа од крајна важност и за мојата работа и за моето уживање во времето на мојот престој во Македонија. Покрај тоа, во текот на мојот престој преведов на англиски една негова статија „Ликот на Ѓорѓија Пулевски“ за списанието *Macedonian Review* (Koneski 1974).

На крајот на мојот престој во 1974 г. се најдов во состојба да му помогнам нему. Еден ден Блаже ме повика во неговата канцеларија заедно со проф. Божо Видоески за посебна консултација. Тој се беше договорил со професорот Џорџ Шевелов од Њујорк да го напише томот за македонска историска фонологија за серијата на историски фонологии на словенските јазици, која серија проф. Шевелов ја редактирал, и на Блажета му требаше човек кој би можел да го преведе на англиски неговиот македонски текст (како и прилогот за македонските дијалекти од проф. Божо Видоески). По цела учебна година на наши меѓусебни научни разговори, тој решил дека јас би бил соодветниот човек за онаа работа заради моето разбирање на македонската лингвистика, покрај фактот дека англискиот ми е мајчин јазик. Секако тоа за мене беше огромна чест, а самата работа интересна и корисна за мене. Во тоа време, текстот сѐ уште не беше готов, а преводот најпосле излезе во 1983 г. Се уште ги чувам двете верзии на машинописот на Блажета, како и машинописот од Божо, сите со рачни поправки и забелешки, како и нашите кореспонденции. За мојата научна соработка со Блаже и Божо имам пишувано и говорено во повеќе наврати (на пр. Фридман 1992, 1994), а дознав дека со погорната тема се занимавале и други, но ги поправив шпекулациите на луѓе кои не учествувале во настаните во Фридман во 2019 година.

Кога се вратив во Чикаго во 1974 г. да ја напишам својата докторска дисертација, сѐ уште ми беа потребни консултации со Блаже, и тој секогаш и веднаш ми одговараше на моите писма љубезно и со корисни податоци. Тој факт беше од клучна важност за моето завршување на дисертацијата навреме. Во 1975 г. докторирав во Чикашкиот универзитет. Истата година почнав да работам како доцент на Универзитетот во Северна Каролина и присуствував за првпат на националната годишна конференцијата на Американското друштво за унапредувањето на

славистиката (AAASS). Темата на мојот реферат беше македонскиот јазик и македонската национална свест во деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век. Книгата *За македонскиот јазик* (Конески 1967 г.), што тогаш беше петтиот том на собраните дела на Блаже Конески, ми беше неоценлив извор за мојот реферат, којшто беше издаден во вториот број на списанието *Balkanistica,* а истата година издадена во списанието *Macedonian Review* (Friedman 1976).

Во 1976 г. пак се вратив на Семинарот, и веќе бев примен како афирмиран научник од сите македонски колеги и колешки, вклучувајќи го и Блаже. Ја проширив мојата дисертација, која беше издадена како книга (Friedman 1977), првата книга за современиот македонски јазик издадена во Америка, и во тоа Блаже ми беше од голема помош.[2] Во 1979 г. кога бев предложен за вонреден професор, Блаже го напиша едното од писмата за оценување.[3] Тој напиша писмо за мене, пак во 1984 г., кога станав редовен професор. Со годините преминавме од односот ментор-студент до колеги и пријатели. Секогаш кога бев во Македонија тој ме чувствуваше како стар пријател и остана секогаш готов и да ми помогне научно. Во 1990 г., кога пишував една статија за првата македонска јазична конференција, одржана во 1944 г., (Friedman 1993 г.), тој ми беше од голема помош со своите лични сеќавања. Многу добро се сеќавам, од Семинарот во 1990 г. патувавме со проф. Вера Стојчевска-Антиќ од Охрид до Дојран, каде Блаже беше на одмор со неговите. Се сеќавам како прошетавме покрај Дојранското Езеро, и како неговите бивши студенти, веќе родители со деца на плажа, трчаа да му направат чест со поздрав.

Една година потоа, на 25 јуни, официјално почна распадот на Југославија, сосема случајно баш кога се одржа првата Македонско - Северно-Американска конференција за Македонистика, во Анн Арбор, Мичиган. (Јас со Бенџамин Столц бевме организатори, а инцијативата дојде од проф. Вера Стојчевска-Антиќ.) Во тешките години на тие војни, особено на почетокот, со распадот на трговскиот систем, тешко беше да се дојде дури до најосновните лекови, а камоли оние за кои беа потребни рецепти. Во тоа време Блаже веќе страдаше од шеќерна болест, и добро се сеќавам како зедов од лекарите во Чикаго игли и

---

2 Македонска проширена верзија беше издаден во Фридман (2009) и втората, проширена англиска верзија во Friedman (2014). Кога излезе оригиналната книга, испратив 50 примероци на колегите и пријатели во Македонија.

3 За среќа, во врска со македонскиот превод на мојата книга за македонскиот глагол (Фридман 2009), добив примерок од писмото, вклучен овде како прилог.

инсулин — и тоа без рецепт и без плаќање, затоа што разбраа во што беше работата — и на една конференција во САД во 1992 г., ѝ дадов на професорката Стојевска-Антиќ две големи торби со медицински игли и инсулин за Блажета, кои му ги донесла. Такви беа времињата. Во тие последни години исто така му донесов на Блажета или испратив преку пријатели во секоја прилика касети со класична музика кои сам ги снимив за него од мојата збирка плочи. Заради шеќерната болест тешко му станало да чита, ама секогаш можеше да ужива во класична музика.

Исто така кога напишав еден нацрт на граматиката на македонскиот јазик (Friedman 1993a, 2002) тој ми го прочита текстот и детално го коментираше. Откако почина Блаже на 7 декември 1993 г. (роден е на 19 декември 1921 г.), бев меѓу оние кои издадоа некролози за него (Friedman 1994, Фридман 1994). Вклучена во мојот некролог беше англиската верзија на неговиот труд „Една ситуација и едно лично становиште" (Конески 1994). Тој ми даде еден примерок на македонскиот оригинал мене и на други луѓе. Еден од нив го преведе текстот на англиски и јас го редактирав за *Меѓународното списание на социологијата на јазикот* каде што беше издаден на англиски јазик заедно со мојот некролог за Блажета (Friedman 1994). Се пишува во неговата *Споменица* дека Блаже го диктирал текстот на Зузана Тополињска «кратко време пред своето заминување», а колку што јас се сеќавам, Блаже лично ми го даде текстот, кажувајќи дека сака текстот да се преведе на колку што може повеќе јазици.

Интересно е да се забележи дека тој текст беше како литературен тестамент. Беше текст од еден вистински писател кој навистина го сакаше својот мајчин јазик. На крајот на текстот Блаже напиша за душманите на постоењето на македонскиот јазик (ги нарече «циници и планери на геноцид»): [4] «Сега тие имаат можност да срушат нешто вредно.» Може да се каже така и за македонската лингвистика. За жал, не се сите противници на македонската наука на лингвистика надвор од Македонија. Тоа може да се каже особено за македонската истори-

[4] Во оригиналот «балкански циници и планери на геноцид» затоа што во тесниот контекст се работеше за македонскиот јазик како самостоен јазик на Балканот помеѓу Србија, Бугарија, и Грција (види подолу во текстов за почесниот докторат за Блаже од Чикашкиот Универзитет и Фридман 1999). Сепак, дури и тогаш, тие циници имале поткрепа од одредени големи сили. Затоа, имајќи предвид дека денешниот читател нема веднаш да ги разбере тие детали, ги ставив во забелешкава, би требало исто така да додаде «и луѓе измамени од нив».

ска лингвистика. Иако Блаже Конески со неговата книга *Историја на македонскиот јазик* (Конески 1965) ја постави македонската историска лингвистика на цврсти темели, сепак по неговото заминување се појави во Република Македонија една заблуда дека современиот македонски јазик не е словенски јазик. Таква заблуда може да се споредува со идејата дека земјата е рамна, за којашто исто така има луѓе што сакаат да ја докажуваат и до ден денес.[5]

Воопшто, придонесот на Блаже Конески кон македонскиот јазик на лингвистичкиот план е на едно извонредно високо ниво. Тука е на место да кажеме нешто за Блажевото образование кај Александар Белиќ во Белград и кај Александ'р Теодоров - Балан во Софија, т.е. со највидните лингвисти во соодветните центри од Блажевото време. Белиќ беше главно фонолог и дијалектолог, Теодоров-Балан беше и граматичар и специјалист по морфологија и морфосинтакса. Значи Блаже студирал кај најсоодветните лингвисти во словенските центри најблизу до Македонија. Истовремено, студирајќи во Софија, го прочитал приказот на Теодоров - Балан за Мисирковата „За македонцките работи". Иако тој приказ беше негативен, негативноста беше на едно научно ниво, во коешто ги репродуцираше Мисирковите аргументи за да ги побие, ама во текот на репродуцирањето, му дава читателот можност сам да се суди, и за Блажета, Мисирковите аргументи биле неговото мислење, а забелешките на Теодоров - Балан, цинизмот против којшто се борел цел живот (сп. Фридман 2005). Тука, треба да истакнеме дека сето тоа беше на нивото на лингвистика. Немаше да може еден писател без лингвистичко учење и знаење да постапи успешно како што постапи Блаже.[6]

Сега да се свртиме малку кон годините на кодификацијата и афирмацијата на македонскиот литературен јазик, т.е. од 1944 година до изданието на Правописот од 1950 г. (Конески и Тошев 1950), со продолжување во некои размисли до Правописот од 1970 г. (Видоески и Тошев 1970). Како што спомнав, самиот Блаже ми помагаше во моето истражување за првата и втората јазична конференција, за кои исто така направив архивско истражување. Од документацијата во архивите, недвосмислено е јасно дека Блаже Конески ја претставува

[5] Затоа Петар Илиевски требаше да напише цела книга (2006/2008), одбранувајќи ја македонската историска лингвистика од луѓе и во Македонија и надвор од неа, кои би ги разрушиле достигнувањата на таа наука.

[6] Може да се каже и не можеше, имајќи го предвид примерот на Венко Марковски.

лингвистичката разлика меѓу првата и втората конференција за македонскиот јазик и правопис. Неколку години пред смртта на Блажета, циркулираа разни работи, омаловажувајќи ги неговите достигнувања (на пр. Ристески 1988). Меѓутоа, од документите издадени во самите тие работи (иако со многу печатни грешки) се гледа колку беше Блаже вистински лингвист, со познавање на мајчиниот јазик, и колку беа многу од другите во првата конференција неподготвени за таа работа. Овде исто е соодветно да се објасни дека иако меѓу првата конференција и втората имало различни средби, некои дури со името „комисија", немало ниту еден предлог за правописот и основните принципи на македонската граматика меѓу првата и втората јазична конференција, т.е. од декември 1944 г. до мај 1945 г. Од особена важност е фактот што Блаже инсистираше самите Македонци да решат за деталите на македонскиот јазик. Имало други во првата комисија кои сакале да прават отстапки кон Србија, Бугарија, и Русија, а Блаже бил цврст македонскиот јазик да биде строго на основите на македонските говори, со база во централно-западните говори, но со извесни елементи од сите македонски говори. Значи може да се каже дека тој го спасил македонскиот стандарден јазик од вештачките елементи од бугарскиот стандарден јазик, како што се непостоечки во говорите акузатив од определениот член или отсуството на удвојување на објектите.

Сега да кажам збор - два за Блаже Конески и северноамериканската лингвистика. Во Соединетите Американски Држави постојат повеќе од три илјади колеџи (факултети) и универзитети, а најдобрите се рангираат по разни критериуми. Кога се работи за чисто научни критериуми, имајќи го предвид особено бројот на катедри со највисоко реноме, има само пет универзитети во целата земја со шест или повеќе такви катедри. Тие се следниве: Харвард, Принстон, Јејл, Чикаго и Станфорд. Не е случајно што името на Блаже Конески е тесно сврзано со два од нив: Харвард и Чикаго.[7]

Врската на Блаже Конески со Универзитетот Харвард, секако, е преку покојниот професор Хорас Лант, член на МАНУ и авторот на првата полна научна граматика на македонскиот литературен јазик, која излезе во 1952 г., кога првиот дел (фонологија) на граматиката на Блаже Конески, исто така, излезе од печат. Во предговорот, Лант

[7] Бидејќи Едвард Станкиевич се префрли во Јејл во 1971 год. и оттаму раководеше разни дисертации кои вклучуваат македонистички теми, може да се каже дека Блаже Конески е тесно сврзан со три од петте најјаки универзитети во САД.

пишува: „(Оваа книга) никогаш не би постоела без непрекинатата помош на Блаже Конески. Не само што тој ги обезбеди печатените материјали и помогна во контролата на македонските текстови и примери - како што реков погоре - но тој секогаш се согласуваше да троши цели часови, објаснувајќи граматички проблеми, толкувајќи зборови и давајќи соодветни примери за разни точки. Благодарејќи ѝ на неговата иницијатива, книгата беше отпечатена во зачудувачки кратко време по завршувањето на ракописот. Можам само да се надевам дека нејзиното излегување ќе послужи на некој начин како израз на мојата благодарност кон него.“ (Lunt 1952:xi). Има и еден факт, меѓутоа, којшто Лант не го вклучи во предговорот заради политиката на тогашното време. Имено, Блаже Конески, со кого Лант се сретнал за првпат на летниот семинар за слависти во Блед во 1950 г., исто така бил одговорен за организирањето на неговиот престој во Македонија во 1951 г. (од мај до јули) за да може да работи врз граматиката. Во оние тешки времиња на страв и сомневање од секоја страна, било многу тешко да се добие решение еден научник од Западот да дојде во тогашна Југославија.[8] Тоа е пример како Блаже Конески секогаш ја штител науката од политиката. Така и направил во Македонија, каде што лингвистите во МАНУ беа примени само заради знаењето, а не заради некое си членство во некоја си партија, и без оглед на етничката припадност или таканареченото општествено потекло. Значи, како член на Комунистичката партија, Блаже ја употребуваше неговата позиција за доброто на македонската наука. Професорот Ерик Хамп, од Универзитетот во Чикаго раскажуваше како првпат кога патувал со кола во Македонија (тоа беше во 50-те години), кога стигнал во Скопје, полицијата го застанала и го довела, заедно со жена му Марго, до полициската станица. Се сомневале што прави американска кола во Македонија. А му требало на Хамп само да им каже на полицајците да му се јават на неговиот пријател Блаже Конески, па го пуштиле.

Најсилната врска на Блажета со Чикашкиот универзитет е преку почесниот докторат што го доби во 1968 г., по инцијатива на Едвард Станкиевич во 1967 г. Станкиевич го претставил Блажета на претседателот на Чикашкиот универзитет, Џорџ Бидл, со следниве зборови:

---

8 Вреди да се каже дека, според сеќавањето на самиот Лант, во студентската менза каде што тој се хранел, сите студенти во тогашното време се плашеле да се дружат со Американецот, освен Божо Видоески и Рада Угринова, кои редовно се дружеле со него.

„Македонија, лулката на словенската писменост и цивилизација, дури во нашиот век го има видено воздигнувањето на нејзиниот народен јазик до статусот на стандарден јазик. Драматичното излегување на македонскиот како полномошно и флексибилно литературно средство најмногу се должи на достигнувањата на Блаже Конески, проникнат лингвист, неуморен лексикограф и вдахновен поет. Неговите историски и дескриптивни граматики на македонскиот јазик го имаат осветлено неговото минато и ја имаат кодифицирано неговата модерна форма, додека неговиот речник го има изложено целото богатство на неговата лексичка содржина. Свежиот модерен стил на неговата лирика ја има збогатено тоналноста на словенската поезија и има инспирирано една нова генерација на македонски поети. Научник и педагог; заради неговата активност, Универзитетот во Скопје станува центар за активно и сеопфатно истражување на словенската филологија и литература.“ А претседателот му го врачил на Блаже Конески почесниот докторат со следниве зборови:

„Истакнат граматичар и лексикограф, вдахновен поет и педагог, кодификатор на македонскиот литературен јазик, чија работа проникнува длабоко во структурата и историјата на неговиот роден јазик и значително го има збогатено полето на словенската филологија.“

Совесно е да објаснам дека Блаже требало да го добие почесниот докторат во 1964 г., но еден Грк, професор по филозофија во Чикаго, кој тогаш бил во комитетот, се спротивставувал, и требаше да се чека додека не бил заменет со друг човек. Во тоа време, Ерик Хамп силно го поддржувал Блажета, објаснувајќи им на членовите на комитетот дека Блаже Конески е најистакната книжевна и лингвистичка личност во Народна Република Македонија (Југославија) и добро е познат надвор од таа земја. На доверливата дискусија за кои дописи постојат во архивите на Чикашкиот универзитет (В. Фридман 1999) кои биле исцртани со пенкало, но сепак сосема читливи пишува: „Хемп додал дека Грците не ги сакаат Македонците и Конески дефинитивно ги претстави Македонците. Господинот Хемп го истакна, сепак, фактот дека научната работа на Блаже Конески не е политичка и дека тој е исто така многу активен во југословенски културни работи надвор од Македонија.“

Па и по докторатот, катедрата за Славистика во Чикаго имала проблеми со Бугарите и бугарофилите во Чикаго. Во 1968 г. и 1969 г. стигнуваат до претседателот на Универзитетот учтиви, но погрдни

писма не од Грците, туку од Бугарите и бугарофилите со обични лаги како „Добро е познато во славистичките кругови дека не постои некој 'македонски јазик', а камоли историја на истиот. Општо познато е дека од 1945 г. Југословенскиот комунистички режим врши големи напори неприродно да створи некој македонски јазик за чисти политички причини. “ итн., итн. [9] Одговорот на деканот беше учтив но цврст: „Ние му ја дадовме оваа чест на Блаже Конески врз основа на препораките на квалифицирани научници како признавање на неговата научна работа.“ [10]

До некој степен може да се споредува вмешувањето на Грците и Бугарите во почесниот докторат за Блаже Конески од Чикашкиот универзитет со неодамнешната политичката ситуација во Македонија, каде што доскоро самите македонски политичари се имаат вмешано со доделување почесни докторати, иако сега, со нови луѓе во Владата, дојде до постарите, т.е. чесни, принципи.

Има и многу други врски меѓу Блаже Конески и северноамериканската лингвистика. Може да се споменат неговите пријателства со починатите лингвисти Збигњев Голомб од Чикашкиот универзитет и Кенет Нејлор од Универзитетот Охајо Стејт. Кога умре Кенет Нејлор во 1992 г., и тој умре многу млад, немал наполнето ни 55 години, Блаже Конески напиша посебна песна, „Црниот брат“ (Конески 1993:11) за неговиот спомен, а овој стих беше прочитан на научниот собир во спомен на Кенет Нејлор. Кога се зборува за северноамериканската лингвистика, би требало да спомнам многу други научници, како што се: бившата студентка на Лант, Ронел Александер (Универзитет од Калифорнија во Беркли), нејзиниот бивш студент Џозеф Шалерт (Универзитет од Торонто), бившата студентка на Голомб, Маша Белјавски-Франк (Универзитет ДеПау во Индијана), бившиот студент на Станкиевич, Роберт Гринберг (Универзитет од Ауканд), и мојата бивша студентка, Кристина Крамер (Универзитет од Торонто), сите сега професори кои лично го познаваа Блажета, како и многу други лингвисти кои се служат со неговите работи и ги цитираат. И така, за нас во Северна Америка, името на Блаже Конески толку е тесно сврзано со стандардизацијата на македонскиот јазик и создавањето на со-

[9] Спроед Трајко Стаматоски, Станкиевич му ги испратил копиите од тие писмиња на Блажета. Имало 11 такви (Стаматоски 1995).

[10] За повеќе детали и архивските податоци, В. Фридман 1999.

времената македонска лингвистика така што честа и признавањето на Блажета е рамно со честа и афирмацијата на самиот македонски јазик.

На крај, сакам да завршам со еден цитат од Блажевата *Историја на македонскиот јазик* (Конески 1965: 213), од пред повеќе од половина век, којашто до ден денес е вредна и заслужува внимание:

„Бројноста на калките во балканските јазици сведочи за еден навистина интензивен однос меѓу нив и од своја страна ја потврдува исправноста на она становиште што и при објаснувањето на фонолошките и граматичките појави во нив му дава значајно место на меѓујазичкиот контакт во балканската средина. Не е редок случајот зборови и, особено, фразеолошки изрази со дадена внатрешна форма да се сеќаваат во сите или во повеќето јазици од таа средина.“

Јас кон Блажевите зборови единствено би го додал тоа дека токму во Македонија го имаме најплодниот меѓујазичен контакт, една вековна, па дури и милениумска традиција што треба да се негува, а не да се негира. Значи, не треба само грижа, туку и продлабочено проучување и афирмација на повеќејазичната традиција на Македонија. Тоа особено се однесува на Република Македонија, имајќи го предвид нејзиното централно место не само како земја каде што македонскиот јазик има најполна афирмација, туку исто така и како земја која го претставува срцето на балканскиот јазичен контакт.

Да доживеал Блаже да ја види сегашнава Македонија, знам дека би се согласил.

**Референци:**

Friedman, Victor A. 1976. Macedonian Language and Nationalism During the Nineteenth and Early Twentieth Centuries. *Balkanistica* 2:83-98. [преиздаден во *Macedonian Review*, 1976, 6(3):280-292.]

Friedman, Victor A. 1977. *The Grammatical Categories of the Macedonian Indicative*. Columbus. Slavica. 1977. Второ, проширено издание 2014, Bloomington, IN: Slavica.

Friedman, Victor A. 1993а. Macedonian. *The Slavonic Languages*, ed. by B. Comrie and G. Corbett, 249-305. London: Routledge.

Friedman, Victor A. 1993б. The First Philological Conference for the Establishment of the Macedonian Alphabet and the Macedonian Literary Language: Its Precedents and Consequences. *The Earliest Stage of Language Planning: The "First Congress" Phenomenon*, ред. Joshua Fishman, 159-180. Berlin: Mouton de Gruyter. [преиздаден во Friedman 2015:213-232.]

Friedman, Victor A. 1994. Small Languages and Small Language Communities 17: Blaže Koneski: In Memoriam. *International Journal of the Sociology of*

*Language*, 108: 211-215.

Friedman, Victor A. 2002. *Macedonian*. (Languages of the World/Materials 117). Munich: Lincom Europa. [преиздаден во 2003 во *Две американски грамашики на современиош македонски сшандарден јазик од Хорас Г. Ланш и Викшор А. Фриедман,* ред. Људмил Спасов, 167-263. Скопје: МАНУ.]

Friedman, Victor A. 2015. *Macedonian Studies/Македонисшички сшудии II* Skopje: MANU.

Koneski, Blaže. 1974. превод Victor A. Friedman. The Image of Gjorgji Pulevski. *Macedonian Review*, 4(1):57-59. [преиздаден во *Makedonija*, 1974, 21(254):14-15.]

Koneski, Blaže with Božo Vidoeski. 1983. превод Victor A. Friedman. *Macedonian Historical Phonology* (Historical Phonology of the Slavic Languages 12, ред. George Shevelov). Heidelberg. Carl Winter. [преиздаден во 2001 во *Исшориска фонолоīија на македонсиош јазик* со една верзија од македонскиот текст, ред. Људмил Спасов, Скопје: МАНУ].

Илиевски, Петар. 2006/2008. *Два сӣрошивни ӣриода кон иншерӣрешацијаша на аншички шексшови со аншроӣонимска содржина*. (Прилози 31.1, Одделение за лингвистика и литературна наука, Македонска Академија на Науките и Уметностите.) Скопје: МАНУ

Конески, Блаже, и Крум Тошев. 1950. *Македонски ӣравоӣис со ӣравоӣисен речник*. Скопје: Државно книгоиздателство.

Конески, Блаже, ред. 1961-1966. *Речник на македонскиош јазик*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте П. Мисирков“.

Конески, Блаже. 1965. *Исшорија на македонскиош јазик*. Скопје: Кочо Рацин

Конески, Блаже. 1967а. *Грамашика на македонскиош лишерашурен јазик*. Скопје: Култура.

Конески, Блаже. 1967б. *За македонскиош лишерашурен јазик*. (Собрани дела том V). Скопје: Култура.

Конески, Блаже. 1993. *Црн овен*. Скопје: Култура.

Конески, Блаже. 1994. Една ситуација и едно лично становиште. *Сӣоменица ӣосвешена на Блаже Конески, редовен член на Македонскаша академија на наукише и умешносшише*, ред. Ташко Георгиевски, 27-29. Скопје: МАНУ.

Ристески, Стојан. 1988. *Создавањешо на македонскиош лишерашурен јазик*. Скопје: Студентски збор.

Стаматоски, Трајко. 1995. *Кон ликош на Блаже Конески*. Скопје: Детска радост.

Фридман, Виктор. 1992. За Блаже Конески. *Лишерашурен збор* 38(5/6):11-13.

Фридман, Виктор. 1994. Блаже Конески (1921-1993): Брилијантен лингвист и писател. *Лик* 8(259):11-12 (Македонски превод од Friedman 1994).

Фридман, Виктор. 1999. Блаже Конески и северноамериканска лингвистика. *Придонесош на Блаже Конески за македонскаша кулшура,* ред. Алекса Попоски и Кристина Николовска, 29-36. Скопје: УКиМ. [преиздаден во 2002 *Сшудии и оīледи за Конески*, ред. Петре М. Андреевски, 123-132. Скопје: Фондација за македонски јазик „Небрегово“ и во Фридман 2011:129-137]

Фридман, Виктор. 2009. *Делото на академик Виктор Фридман* (ред. Вера Стојчевска-Антиќ). Скопје: Абакус.

Фридман, Виктор А. 2005. За дијалектолошките работи: Мисирков, Пулевски и Теодоров-Балан. *Делото на Мисирков II*, ред. Блаже Ристевски, 69-74. Скопје: МАНУ. [преиздаден во Фридман 2011:171-176.]

Фридман, Виктор. 2011 *Македонистички студии I.* Скопје: МАНУ.

Фридман, Виктор. 2019. За македонските работи и историската фонологија на македонскиот јазик. *X Македонско/северно/америкиканска конференција за македонситика,* ред. Марјан Марковиќ и др., 105-130. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.

## ПРИЛОГ: ХОРАС ЛАНТ ЗА БЛАЖЕ КОНЕСКИ

Како што е добро познато, Хорас Лант е автор на првата македонска граматика издадена на странски јазик. Но, исто така, напиша важна статија за македонска литература во 1953 г. Покојниот Хорас не е со нас да напише своите лични сеќавања за Блажета, ама знам јас од Хорас лично дека самиот Блаже бил решителен во пишувањето и издавањето на неговата граматика. И така, како прилог, го давам мислењето на Хорас за Блаже издадено во далечната 1953 г.

**Lunt, Horace, 1953. Survey of Macedonian literature.** Harvard Slavic Studies **1.363-396.**

p. 385:

Koneski has been largely responsible for the maturity of the Macedonian literary language ... He has studied the history of the other Slavic literary languages, and by admonition, argumentation, and example has demonstrated how the elements of the local dialects can be welded into a powerful and natural system of communication. ... His articles on literary, historical, and linguistic problems have set the example for expository prose, while his poetry, original and translated, has shown that it is possible to write effective verse in a natural Macedonian which does not have recourse to "poetic license" in every line.

Конески е главно одговорен за зрелоста на македонскиот јазик ... Тој ја има учено историјата на другите словенски јазици, со совет, аргументација, и пример, докажа како елементите од месните говори може да се обединуваат во еден моќен и природен систем на комуникација. Неговите статии за литературни, историски, и лингвистички системи се пример за проза, а неговата поезија — и оригинална и преведена — докажува дека може македонската версикификација да биде и природна и ефикасна без да се крие зад „поетска лиценца“ во секоја линија.

УДК 929Конески, Б.(093.3)

**академик ГОРАН КАЛОЃЕРА** (GORAN KALOGJERA)
Филозофски факултет во Риека

## MOJ PRVI I ZADNJI SUSRET S BLAŽE KONESKIM

Obljetnica je velikanu, stoga sam zamoljen napisati par rečenica o mojem kratkom ali intenzivnom druženju s njim. Moja prva poveznica s Makedonijom i makedonskom znanošću o književnosti vezana je uz profesora Tome Sazdova, kojeg sam s Aleksandrom Spasovim upoznao u Zagrebu prigodom nekog simpozija, davne 1982 – 3. Od tada sam započeo intenzivniju suradnju s profesorom Sazdovom, koji mi je negdje 85/6., uputio poziv da sudjelujem na simpoziju o Haralampiju Polenakoviću ( Naučen sobir za životot i deloto na akademikot Haralampije Polenaković ) koji se trebao održati u Gostivaru 1986 godine. S obzirom da sam već onda sasvim solidno poznavao Polenakovićeve tekstove vezane uz hrvatsko – makedonske književne veze, odlučio sam se otići u Makedoniju, i to vlakom. Prijavio sam temu „Naučnik koji je pokazivao velik interes za hrvatsko makedonske književne dodire“.

Bilo je to moje prvo putovanje u Makedoniju i to vlakom. Zapamtio sam ga po užasno dugoj vožnji, dosadnoj i zamornoj, no stigao sam u Skopje i uhvatio autobus za Gostivar. Gostivar me uopće nije impresionirao, grad mi je djelovao zapušteno, čudne arhitekture i još čudnijih ljudi. Dojam mi se malo poboljšao kada sam pomoću taksiste pronašao svoje odredište. Mislim da je to bio nekakav Dom kulture, gdje smo se mi sudionici simpozija trebali sakupiti. Profesor Sazdov „razbio“ mi je dotadašnju tremu i osjećaj izoliranosti, jer osim njega tamo nisam poznavao nikoga. Upoznao me je s nekim kolegama; mislim da su to bili Radovan Ivanović, Vančo Tuševski, Dragi Stefanija..ostalih se ne sjećam. Nakon svečanog, uvodničarskog dijela, autobusiom smo krenuli, mislim prema Mavrovu i smjestili se u jedan od tamošnjih hotela. Priroda je bila fantastična, nikada neću zaboraviti izmjenu boja u jezeru, shodno vjetru koji je puhao. Boja jezera mijenjala se od bistre do tamno crne boje, nešto fascinantno. Ne sjećam se koje je to godišnje doba bilo, no mislim da smo bili jedini gosti u tom hotelu.

U očekivanju početka simpozija, malo smo šetali oko hotela, tako da sam polako upoznavao ljude, kolege makedoniste, čije sam tekstove do tada čitao. S obzirom da je to bilo moje prvo izlaganje u Makedoniji, pred makedonskim znanstvenicima, bio sam poprilično nervozan. Moja se nervoza dodatno pojačala kada sam vidio da u prvom redu sjedi akademik Blaže Koneski. Znao sam kako izgleda iz fotografija, no to je bio prvi put da

sam ga vidio iz neposredne blizine. S velikim sam interesom i znatiželjom, promatrao tog velikana makedonske znanosti, koji se onako rastom sitan skutrio u svojoj klupi. Ljudi su mu prilazili, pozdravljali ga. Imao sam dojam da ga to ne interesira, čak zamara. No, red je red, predstavio sam mu se i ja, pažljivije me pogledao i rekao:“ A kolega Kalogjera iz Rijeke, dobro došli“. Bio je to samo uvod u naš kasniji, nešto duži razgovor.

Izlaganja su započela, ljudi su pričali svoje, kao i ja moje…Moj interes, moram priznati, više je bio Koneski nego izlaganja i izlagači. Gledao sam ga, onako opuštenog u fotelji, i da budem iskren, imao sam dojam da spava. No, uslijedilo je iznenađenje, bar za mene. Taj „nezainteresirani“ znanstvenik, nakon što su svi kolege rekli svoje, a bilo je otprilike petnaestak izlaganja, digao se i došao za govornicu. Nisam vidio da je išta bilježio, no krenuo je u „seciranje“ svih izlaganja jednog za drugim. Bilo je tu pohvala, sugestija, mislim da nikome nije rekao lošu riječ, ali je napravio kompletnu analizu svih izlaganja. Onako polako, bez žurbe, ponekad bi usput i nešto objasnio. Moram priznati, bio sam impresioniran. Tijekom pauze, relaksiran, jer sam svoje odradio i čuo njegov pozitivan komentar na moje izlaganje, susreo sam prof. Sazdova, koji mi je rekao da bi Koneski vrlo rado popio kavu sa mnom, što sam s zadovoljstvom prihvatio.

Pozdravili smo se, par kurtoaznih pitanja s jedne i druge strane, nakon čega me pitao za razlog mog „okretanja“ makedonistici. Pošto je moj odgovor imao pomalo humorističku notu, jer je moje „skretanje“ od kroatistike prema makedonistici isključivo zasluga moje supruge. To mu je bilo vrlo simpatično, čak se i nasmijao i onda je razgovor postao opušteniji, bar s moje strane. Teško se nakon svih tih proteklih godina sjetiti o čemu smo razgovarali, znam da smo uz kavu popili i jednu „žoltu“ i onda sam ga zamolio za jednu uslugu. Mi smo te godine u Rijeci spremali jedan broj „Dometa“ da bude tematski isključivo makedonistički, što je i realizirano. Zamolio sam ga može li nam dati neki svoj tekst, na što se on ispričao da ima jako puno obveza, ali da će nam rado poslati jednu svoju do tada neobjavljenu pjesmu. Meni je to bilo prihvatljivo i bio sam mu zahvalan. I tu prestaje moje druženje s Koneskim. Vidio sam ga još tijekom simpozija jedno dva tri puta, no nismo više razgovarali. Mislim da je on otišao nešto ranije. Ja sam pri povratku imao sreću, jer mi je Mateja Matevski, a mislim da je onda bio na nekoj visokoj državnoj dužnosti, ponudio svog šofera i atomobil da bih mogao na vrijeme stići na vlak za Skopje, koji je išao preko Gostivara.

Pri povratku u Rijeku, počeo sam sumnjati da će mi Koneski poslati obećane stihove. Jednog dana ugodno znenađenje. Mala, plava kuverta,

rukopisom napisana moja adresa. Odmah sam zao da je to njegov odgovor na moju molbu. I stvarno, kratak tekst u smislu, šaljem Vam po dogovoru pjesmu. I pjesma. U časopisu Dometi, br. 2-3., iz 1987., objavili smo njegovu pjesmu Vozrasti, na makedonskom i u prepjevu na hrvatski jezik pjesnika i znanstvenika Milorada Stojevića. Osobno, bio sam zadovoljan. Moj prvi i zadnji sastanak s akademikom Koneskim u prelijepom ambijentu planine, ostao mi je i dan danas u ugodnom sjećanju. Bilo je to kratko i korisno druženje s „velikim, malim čovjekom iz Nebregova“, čovjekom čijim tekstovima i dan danas neupitno vjerujem. Neka ovo bude moj kratki prilog, znanstveniku, pjesniku, teoretičaru književnosti, lingvisti, legendi i zbilji makedonske suvremene povijesti.

DOMETI
časopis za kulturu i društvena pitanja
Godina XX, broj 2—3, 1987.

*Izdavač:*
Izdavački centar Rijeka

*Izdavanje časopisa sufinanciraju:*
Samoupravna interesna zajednica kulture općine Rijeka
i Republička samoupravna interesna zajednica u oblasti kulture
SR Hrvatske

Izdavački savjet:
*Predsjednik:*
Dušan Šolaja

*Članovi:*
Marin Črnja, Katica Ivanišević, Krešo Juričić, Zvonko Kalanj, Galiano Labinjan, Karlo Merle, Tatjana Petrović, Davor Sokolić, Petar Strčić, Nada Šišul
Marinko Učur, Mirko Vujatović

*Uredništvo:*
Marin Črnja, Katica Ivanišević, Krešo Juričić, Zvonko Kalanj, Galiano Labi
Miomir Matulović, Zdenko Pleše, Zlatko Winkler.

*Glavni i odgovorni urednik:*
Miomir Matulović

*Lektorica:*
Lada Badurina

*Korektorica:*
Mirjana Roganović

*Grafički urednik:*
Ivo Marendić

*Meter:*
Karl Striebl

Adresa uredništva i uprave: Ivana Zajca 20/II, 51000 Rijeka, tel. 39-188, rukopisi se ne vraćaju, časopis izlazi mjesečno. Pretplata za 1987. godinu iznosi 2.000.— dinara, dok je cijena u slobodnoj prodaji 4.000.— dinara, odnosno pojedinog primjerka (sedam svezaka) 400.—, dvobroja (jedan) 500.— i trobroja (jedan) 700.— dinara. Broj žiro računa kod SDK Rijeka 33800-603-3530. Slog, tisak i uvez »Tipograf«, Šetalište XIII. divizije 18, 51000 Rijeka.



# DOMETI


**KULTURA ● DRUŠTVENA PITANJA**
**God. 20. Sv. 2—3, Str. 85—182**
**Rijeka 1987.**

**2-3**

## ВОЗРАСТИ

Секоја возраст има своја основна задача.
Децата најсериозно и најсодржателно ја исполнуваат играта.
Младите најдлабоко и најодушевено ораат и сејат здраво семе.
Зрелите ја сеќаваат неумитната рамнотежа.
Старите откриваат
дека љубовта не е врзана
само за соковите на плотта.
Тоа што го прават децата
не можат да го надминат старците.

Блаже Конески

## UZRASTI

Svaki uzrast ima svoju osnovnu zadaću.
Djeca najozbiljnije i najsadržajnije
ispunjavaju igru.
Mladi najdublje i najoduševljenije oru
i siju zdravo sjeme.
Odrasli vole neumitnu ravnotežu.
Stari otkrivaju
da ljubav nije vezana
samo za sokove ploda.
To što čine djeca
starci ne mogu nadmašiti.*

** Uredništvo se zahvaljuje akademiku Blaži Koneskom na pjesmi UZRASTI koja u Dometima izlazi po prvi put na hrvatskom i makedonskom jeziku.*

*Prepjev: dr. Milorad Stojević*

(Фотографиите се од списанието „Dometi“, каде е објавена песната на Блаже Конески на македонски и на хрватски јазик)

# АДРЕСАР НА УЧЕСНИЦИТЕ НА ПРВАТА ЗИМСКА ШКОЛА НА МСМЈЛК (25. 01. 2021 – 05. 02. 2021)

**Босна и Херцеговина**

1. **Анела Чајиќ**
   студент – Филозофски факултет во Љубљана
   anela.cajic5@gmail.com

**Грција**

1. **Михаил Нинопулос**
   студент – Институт „Иналко“ во Париз
   michail.ntino@gmail.com
2. **Марија Думба**
   преведувач
   mdoumpa@hotmail.gr

**Италија**

1. **Давиде Азиоли**
   културен посредник со македонските деца кои го изучуваат италијанскиот јазик во Равена, Италија
   davideasioli@gmail.com
2. **Живкица Станковски**
   културен посредник со македонските деца кои го изучуваат италијанскиот јазик во Равена, Италија
   zivkica.n@gmail.com

**Канада**

1. **Валери Силвестер**
   музичар
   valeriesylvester1@gmail.com

**Косово**

1. **Милош Пантиќ**
   студент – Филозофски факултет во Косовска Митровица
   miskopantic96@gmail.com

**Полска**

1. **Наталија Дирда**
   студент – Јагелоњски универзитет во Краков
   nataliadyrda@onet.eu
2. **Марија Сујка**
   студент – Јагелоњски универзитет во Краков
   mariasujka@gmail.com
3. **Ања Вероника Тадеуш**
   студент – Јагелоњски универзитет во Краков
   anna.tadeusz@student.uj.edu.pl
4. **Лех Церан**
   докторанд – Универзитет во Лоѓ
   janpembert@live.com
5. **Зофија Дембовска**
   преведувач
   zofia.dembovska@gmail.com
6. **Емилија Клузјак**
   студент – Универзитет „Адам Мицкиевич“ во Познањ
   emilia.kluziak@gmail.com
7. **Моника Елерик**
   студент – Универзитет „Адам Мицкиевич“ во Познањ
   ellerikmonika@gmail.com

**Руска Федерација**

1. **академик Ала Шешкен**
   професор – Универзитет „Ломоносов“ во Москва
   asheshken@yandex.ru
2. **Александра Сафронова**
   студент – Универзитет „Ломоносов“ во Москва
   aleksafronova@gmail.com
3. **Полина Гаврилова**
   студент – Универзитет „Ломоносов“ во Москва
   gavriilova97@yandex.ru
4. **Марија Громова**
   асистент – Универзитет „Ломоносов“ во Москва
   marija.gromova@list.ru

5. **Иван Казаков**
   студент – Универзитет „Ломоносов“ во Москва
   ivan.kazakov.1999@gmail.com
6. **Светлана Корољева**
   филолог – Пермски државен универзитет
   petel@yandex.ru

**Соединети Американски Држави**

1. **Елена Атанасиу**
   професор на Truckee Meadows Community College (Reno, NV)
   eleni.siu@gmail.com

**Словенија**

1. **Намита Субиото**
   професор по македонски јазик и литература – Филозофски факултет во Љубљана
   namita.subiotto@ff.uni-lj.si
2. **Соња Должан**
   професор по хрватски, српски и македонски јазик/преведувачка
   sonja.dolzan@gmail.com
3. **Сашо Пуљаревиќ**
   студент – Филозофскиот факултет во Љубљана
   puljarevic.saso@gmail.com
4. **Маја Ковач**
   студент – Филозофски факултет во Љубљана
   mk.majakovac@gmail.com
5. **Сташа Писек**
   лектор по словенечки јазик – Филозофски факултет во Љубљана
   Stasa.Pisek@ff.uni-lj.si
6. **Ника Павлетиќ**
   лектор по словенечки јазик на Приморски универзитет во Копар
   nika.pavletic@gmail.com
7. **Бисерка Бобнар**
   студент на докторски студии – Филозофски факултет во Љубљана
   bibinska@gmail.com

**Србија**

1. **Данијела Костадиновиќ**
професор – Филозофски факултет во Ниш
danijela.kostadinovic@filfak.ni.ac.rs
2. **Миљана Чопа**
истражувач-дијалектолог – Институт за српски јазик во Белград
miljana227@gmail.com
3. **Ѓорѓе Геновиќ**
професор по српски јазик како странски – Воена академија во Белград
genovic94@gmail.com
4. **Душан Ѓорѓевиќ**
студент – Филозофски факултет во Ниш
d.djordjevic-17598@filfak.ni.ac.rs
5. **Александар Трифуновиќ**
студент – Филозофски факултет во Љубљана
aleksandartrifunovic3@gmail.com

**Турција**

1. **Сена Каја**
студент – Истанбулски универзитет
senakaya34@hotmail.com
2. **Ајтен Атмаџа**
студент – Истанбулски универзитет
aytenatmaca83@gmail.com
3. **Самет Јеркој**
докторанд – Истанбулски универзитет
yerkoysamet@gmail.com

**Унгарија**

1. **Светлана Борал**
студент – Универзитет „Етвеш Лоранд“ во Будимпешта
boralszvetlana@gmail.com
2. **Ана Кристина Арноти**
студент – Универзитет „Етвеш Лоранд“ во Будимпешта
arnoti.anna1999@gmail.com
3. **Богларка Куруч**
студент – Универзитет „Етвеш Лоранд“ во Будимпешта
kbogi1104@gmail.com

**Франција**

1. **Стефан Макион**
   преведувач
   stephane.maccione@gmail.com
2. **Верика Јакимов**
   службеник во Институтот „Иналко“ во Париз
   verika.jakimov@inalco.pl
3. **Алина Пуроска**
   студент на Институтот „Иналко“ во Париз
   puroskaalina@gmail.com

**Хрватска**

1. **Михаела Матешиќ**
   професор по хрватски јазик и литература
   mmatesic@ffri.hr
2. **Реа Камалиќ**
   студент – Филозофски факултет во Риека
   rea.kamalic@gmail.com
3. **Хана Врбаниќ**
   студент – Филозофски факултет во Риека
   hanavrbanic@gmail.com
   hvrbanic@ffri.hr
4. **Николина Круљац**
   студент – Филозофски факултет во Риека
   nikolina.kruljac5@gmail.com

**Чешка Република**

1. **Кристина Дуфкова**
   професор – Универзитет „Храдец Кралове“
   kristyna.dufkova@seznam.cz

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

811.163.3'255'373(062)
81'255'373(062)
808.1/.2(062)

МЕЃУНАРОДЕН семинар за македонски јазик, литература и култура (1 ; 2021 ; Скопје)
Прва зимска школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура : (на далечина) : Скопје, 25.1 - 5.2 2021 година / [редакциски одбор Ордан Чукалиев ... и др.]. - Скопје : Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, 2021. - 144 стр. ; [24 см]

ISBN 978-9989-43-449-5

а) Конески, Блаже, 1921-1993 -- Преведени дела -- Собири б) Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура в) Македонски јазик -- Преводи -- Лексиколошки аспекти -- Морфолошки аспекти г) Македонска книжевност -- Преводи -- Лексиколошки аспекти -- Морфолошки аспекти д) Креативно пишување -- Лекторски вежби -- Собири ѓ) Книжевно преведување -- Собири

COBISS.MK-ID 53576709

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ “ — СКОПЈЕ
А: Бул. Гоце Делчев бр. 9
1000 Скопје, РСМ
Т: +389 2 3293 293
Ф: +389 2 3293 202
www.ukim.edu.mk

Република Северна Македонија
Министерство за култура

ISBN 9989434449-2